магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 68 страници
Година 2 Број 12
Февруари 2024 г.
Цена 150 ден.



## МЕГАИНТЕРВЈУ

**Панче ТОШКОВСКИ, министер за внатрешни работи**

## „САМО НИЕ И ГРЦИЈА ГО КРШИМЕ МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО ЗА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ

### ОБРАЗОВАНИЕ

**Голем интерес за докторски студии**
**Став од проф. д-р Благица НОВКОВСКА**

### ИДНИНА

**Наши алумни - разговор со кошаркарите Војдан и Дамјан**

### ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

**Интервју со Антонио МИЛОШОСКИ, поранешен министер за надворешни работи**

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3





МЕГАИНТЕРВЈУ: **Панче ТОШКОВСКИ,** министер за внатрешни работи 4





ОБРАЗОВАНИЕ: **Голем интерес за докторски студии** Став од проф. д-р Благица НОВКОВСКА 10





КОЛУМНА: **Доц. д-р Гордана СЕРАФИМОВИЌ,** професор на Универзитетот Скопје 14





ТЕМА: **Промената на лични документи на товар на граѓаните** 18





МОЈА ОПШТИНА: **Љубиша ЌОСИЌ,** градоначалник на Источно Сараево 28





РЕПОРТАЖА: **Копаоник и Златибор - хит дестинации во регионот за зимски туризам** 36





ДУРБИН: **Разговор со наградените студенти на гастрономските натпревари во Анталија и во Истанбул** 44





ИДНИНА: **Наши алумни - разговор со кошаркарите Војдан и Дамјан** 46





ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Антонио МИЛОШОСКИ,** поранешен министер за надворешни работи 52





КОМПАРАЦИЈА: **Избори во Македонија, Европа и во САД** 58

# ЗПГМ ЗПГМ

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*




М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# ВЛАСТА ГИ ИЗМАМИ ГРАЃАНИТЕ, ЌЕ ИМА ЛИ ОДГОВОРНОСТ ЗА ХАОСОТ СО ЛИЧНИТЕ ДОКУМЕНТИ?

*Македонија остана без пасош за ЕУ. Не успеа да го извади навреме пред да ја затекне рокот за промена на пасошите. Петте години од Преспанскиот договор брзо поминаа и реалноста ги изненади властите. Институцијата задолжена да го спроведе новото име во личните документи на граѓаните покажа дека не е кадарна за тоа. Но, покажа и нешто уште полошо, а тоа е дека свесно ги измамила граѓаните издавајќи им пасоши со старото име на државата иако се знаеше дека тие нема да важат по 12 февруари 2024 година.*

*Државата не спроведе ниту една кампања во јавноста за да ги потсети граѓаните на обврската за имплементирање на новото име.*

*Кој ја криеше вистината? Власта која не се подготви навреме? Граѓаните кои не почнаа порано да ги менуваат ВАЖЕЧКИТЕ документи? Може ли трошокот за вадење нови пасоши и лични карти да им се рефундира од буџетот?*

*Поранешниот министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски предолго ја лажеше јавноста дека е сѐ во ред, кога со месеци немаше ниту термини ниту обрасци за завршување на процесот. Површност и погрешни проценки кои доаѓаа од власта, денес скапо ја чинат државата. Нејзиниот углед е драматично нарушен, како дома, така и во меѓународни рамки. Правото на слобода на движење што им е загарантирано на граѓаните со Устав, сега им е загрозено. Многумина очекуваа дека МВР самата ќе се организира навреме и ќе им подготви нови документи со познатите податоци и фотографии, со достава до домашната адреса. Сметаат дека со ваква организација ниту ќе имало гужви, ниту дека граѓаните на крајно понижувачки начин ќе чекаа со часови и денови пред пунктовите на МВР. Ќе одговара ли некој за целата ситуација?*

# ТОШКОВСКИ: „САМО НИЕ И ГРЦИЈА ГО КРШИМЕ МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО ЗА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ



*Мојата примарна задача како министер во техничката влада е да обезбедам услови за спроведување на фер, мирен и демократски изборен процес во кој граѓаните ќе можат слободно да го дадат својот глас согласно нивното убедување, вели министерот за внатрешни работи Панче Тошковски во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“.*

Тошковски доаѓа од правната фела и зад себе има 20-годишна кариера, од која 13 години како адвокат. Како прво видување за работата во министерството, вели дека може да се забележи владеење на апатија и разочараност помеѓу колегите. Знаењето и искуството не се вреднуваат на соодветен начин, што резултира со загуба на мотивацијата и на ангажираноста во работата. Дополнително, во МВР не се применува јасно утврден систем на кариера, односно унапредување согласно мерит-системот, вели меѓу другото Тошковски.

**Македонските граѓани се најдоа заробени во сопствената земја. Во оваа техничка влада сте ставени пред сериозен предизвик да најдете решение за заплетканата ситуација за сите граѓани. Да почнеме со проблемот со пасошите, еден од најгорливите во моментов, и за граѓаните кои живеат во нашата земја и за нашинците кои се во странство. Во јавноста се чини дека**

# МЕГАИНТЕРВЈУ
# ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ,
## министер за внатрешни работи






Тошковски: „Максималната важност на документите согласно закон е 10 години, па во тој контекст, неразбирливо е зошто е утврден рок за промена од 5 години."
*Извор: 365.mk*

**граѓаните се виновни што не извадиле патни исправи навреме, но од друга страна, според она што може да се види, власта не обезбедила доволно обрасци за сите граѓани до 12 февруари. Стигна „спектакуларно" известување за пречек на граница за нова пратка, но сепак, тоа се случи по истекот на рокот за важност на документите. Каде гледате дека потфрлил системот, со што се доведе земјата во ваква ситуација?**

Уште на првиот ден кога дојдов на позицијата

министер за внатрешни работи, дадов насоки до сите надлежни служби на министерството кои се вклучени во процесот на издавање лични документи, да ме информираат за фактичката состојба во овој дел, а како што веќе знае јавноста, и самиот отидов на пунктот „Пролет" за лично да видам што се случува таму. По неколкудневна анализа, јас и мојот тим утврдивме дека целиот процес бил многу лошо менаџиран. Најголемата грешка е тоа што е направено лошо планирање и лоша процена на бројот на обрасци што се нарачани, односно предвид бил земен само бројот на резидентно население, иако право на патна исправа има секој државјанин на Република Македонија, независно дали живее тука или во странство. Исто така, во договорот со производителот утврдиле несоодветна динамика на испорака на обрасци, што не кореспондира со реалните потреби и капацитети за изработка на пасоши.

**Дали сметате дека постоеше простор за продолжување на рокот за важноста на патните исправи, доколку навреме беа побарани разговори на оваа тема со европските земји вклучително и со Грција?**

Секако дека постоеше простор за многу подобри решенија, но само ако од наша страна целиот тој процес на преговарање и потпишување на договорот со Грција не го воделе полтрони, туку функционери кои си ја сакаат Македонија и кои работеле за интересот на нашите граѓани, а не за туѓ интерес. Според тоа, уште тогаш најмалку што можеле би било да испланираат поразумен рок за промена на личните документи, особено што сите знаеме дека максималната важност на документите согласно Закон е 10 години, па во тој контекст, неразбирливо е зошто истите утврдиле рок за промена од 5 години, којшто е надвор од здравиот разум согласно техничките услови.

**Сообраќајните и возачките дозволи, беа исто така едно големо изненадување за македонските граѓани. Преку ноќ станаа неважечки иако јавноста сметаше дека можат да се употребуваат за домашна употреба. Дали сметате дека постоеше начин поинаку да се организира ситуацијата со промената на личните документи?**

Како што кажав и претходно, секако дека целиот процес можел да биде многу подобро испланиран, изменаџиран и спроведен, ако бил воден од страна на луѓе кои го имаат потребното знаење за тоа и луѓе кои работат во интерес и за доброто на нашата држава и на нашите граѓани, а не за некои туѓи интереси.

**До Собранието поднесовте иницијатива на измена на Законот за патни исправи. Министерот за надворешни работи Бујар Османи во јавноста излезе со став дека притисокот е нечесен и дека треба да се дискутира помеѓу политичките партии. Вие велите дека Македонија и Грција го прекршуваат меѓународното право. Дали може да објасните подетално за граѓаните?**

Како човек кој доаѓа од правната фела и зад себе има 20-годишна кариера, од која 13 години како адвокат, одговорно тврдам дека измената на Законот за патни исправи кои ги предложивме се идентични во суштина како и измените на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кои беа изгласани во Собранието. Со нив во никој случај не станува збор за кршење на договорот со Грција, туку само се продолжува рокот за целосно завршување на промената на личните документи согласно техничките услови и можности. Со недонесувањето на измените на Законот за патни исправи, сметам дека само ние и Грција го кршиме меѓународното право во делот на сите меѓународни акти кои го гарантираат правото на слобода на движење.

**Кога дојдовте на чело на ова министерство, првиот работен ден Ви**



Тошковски: „Треба да се инвестира во едукација и во подигање на свеста кај населението, како и да се зголеми полициското присуство за да се превенира насилството."
*Извор: mkd.mk*

**почна со решавање на скандалот со Онкологија. Но, јавноста сè уште чека одговори и за случајот со двојното убиство што се случи во очи на Самитот на НАТО, кога земјата беше на највисоко ниво на безбедност. Иако е случајот под надлежност на Јавното обвинителство и Министерството за правда, дали постои можност од оваа позиција како министер за внатрешни работи да помогнете во постапката за да биде задоволена правдата?**

Во овој дел би сакал да истакнам дека исто како и за проблемот со издавањето на патните исправи, и за овој случај дадов насока Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди да изврши детална проверка на целокупното полициско постапување, односно да утврди дали е постапено согласно стандардните оперативни процедури или имало определени пропусти во преземените дејствија. По завршувањето на оваа постапка, ќе ја информираме јавноста за сето она што ќе биде утврдено со неа.

**Насилството е тема за која сè повеќе отворено се зборува во јавноста, од семејното до врсничкото насилство. За жал, во билтенот на МВР може да се прочита и за случаи со смртен исход. Полицијата е таа која е прва секогаш на местото на настанот. Овие теми се комплексни и бараат соработка и со други институции. Дали размислувате како министер на кој начин може да се превенираат поголеми инциденти?**

Мојата примарна задача како министер во техничката влада е да обезбедам услови за спроведување на фер, мирен и демократски изборен процес во кој граѓаните ќе можат

слободно да го дадат својот глас согласно нивните убедувања. Што се однесува до насилството, сметам дека тоа е еден проблем кој може да продуцира сериозни последици врз општеството, и неговата превенција бара мултидимензионален пристап. Во таа насока, треба да се инвестира во едукација и подигање на свеста кај населението, да се зголеми полициското присуство на определени места каде што овој вид криминалитет има зголемен обем, да се воспостави интегриран пристап на соработка на повеќе институции во процесот на препознавање на потенцијалните случаи, како и да се обезбеди потребната помош и заштита на жртвите. Ова е комплексно прашање кое не може да се елаборира во две-три реченици, но она што го наведов претходно, сметам дека треба да биде генерална насока во која треба да се движиме при имплементирањето систем за превенција на овој вид негативни општествени појави.

**Вие сте на чело на оваа институција кратко време. Но, дали можете да посочите со кои проблеми се соочува МВР?**

Морам да бидам искрен и да потенцирам дека она што можев да го увидам во овие 2-3 недели откако сум на функцијата министер за внатрешни работи, прилично ме загрижува. Во министерството може да се забележи владеење на апатија и разочараност помеѓу колегите. Знаењето и искуството не се вреднуваат на соодветен начин, што резултира со загуба на мотивацијата и на ангажираноста во работата. Дополнително, во МВР не се применува јасно утврден систем на кариера, односно унапредување согласно мерит-системот. Во најголем дел случаи, на раководни позиции не се назначувани најдобрите кандидати, туку оние кои биле најподобни согласно



**Тошковски: „На раководни позиции не се назначувани најдобрите кандидати, туку оние кои биле најподобни.“**
*Извор: makfax.com.mk*

определени ирационални критериуми. Во такви околности, во услови на недостиг од соодветни материјално-технички средства за работа и во недостиг од јасно дефинирани процедури и стандарди, се креира чувство на несигурност и нестабилност меѓу вработените. Тоа, пак, дополнително доведува до зголемување на незадоволство и разочарување во работата и институцијата во целост. Но, позитивниот момент во целата работа е фактот што во МВР сè уште постојат многу професионалци и чесни луѓе, кои и покрај негативните услови во кои работат, сепак останале тука за да придонесуваат за благосостојбата на граѓаните и на државата. Сигурен сум дека со квалитетни реформи и со чесен пристап, овие луѓе можат да дојдат до израз, а МВР да биде кредибилна институција која ќе биде синоним за професионалност.

**Сопруг сте и татко на две ќерки. Колку Ви дозволува новиот работен ангажман да одвоите време за семејството?**

Работата како министер за внатрешни работи бара ангажираност и надвор од нормалното работно време, што само по себе ја ограничува можноста да бидам почесто со најблиските. Сепак се обидувам да најдам баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот, па така секој слободен момент го користам да го поминам со ќерките и со сопругата.

**Македонија е можеби мала, но е земја полна со природни убавини. Кои се вашите омилени места за прошетка?**

Планината Водно ми е секогаш прва опција за прошетка, особено делот од Сопиште кон врвот. Исто така, повеќе пати во годината практикувам да уживам во убавините на Охрид и на Охридското Езеро, како во големиот број цркви кои се наоѓаат во тој предел.

**Тошковски: „Секој слободен момент го користам да го поминам со ќерките и со сопругата.“**
*Извор: faktor.mk*



# ЕКСПЕРТИ: ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЗЕМЈАТА ДА ОФОРМАТ ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Покрај сите проблеми во високото образование, Македонија брои уште еден неславен податок. Земјава драстично заостанува од високоразвиените земји по однос на бројот на лица кои се стекнале со звање „доктор на науки", што е највисок академски степен што се доделува од страна на Универзитетите во повеќето земји во светот. На оваа тема експертите го споделуваат податокот дека во Македонија само 0,4% од возрасните помеѓу 25 и 64 години имаат стекнато степен „доктор на наука". Ако оваа бројка се спореди со таа во развиените земји, можеме да констатираме дека Македонија е далеку под просекот. Оваа фактичка состојба не ѝ оди во прилог на земјава затоа што забрзаниот економски и општествен развој што ѝ е неопходен на Македонија, според експертите, бара голема концентрација на знаење, а тоа неопходно вклучува голем процент на лица со степен доктор на науки.



Проф. д-р Благица Новковска, професор на Универзитетот Скопје.



*„Во Македонија само околу 0,4% од возрасните помеѓу 25 и 64 години имаат стекнато степен доктор на наука. Тоа е многу ниско ниво во споредба со развиените земји. Така, во Словенија процентот е 5%, во Швајцарија 3%, во Луксембург, САД, Шведска и во Велика Британија 2%, итн. Забрзаниот економски и општествен развој што ѝ е неопходен на Македонија, бара голема концентрација на знаење, а тоа неопходно вклучува голем процент на лица со степен доктор на науки. Оттука, во наредниот период се бара од високообразовните институции во земјата да оформат многу поголем број доктори на науки“*, изјави професор доктор Благица Новковска од Универзитетот Скопје за Магазинот за туризам и менаџмент.

Професорката Новковска на оваа тема забележува дека Законот за високо образование е обременет со премногу недоречености во делот со докторските студии и на тој начин се попречува ефикасното реализирање на студиите.

*„Општо, состојбата со докторските студии се карактеризира со пренормираноста внесена со Законот за високото образование, што претставува непотребно усложнување кое го попречува ефикасното реализирање на студиите. Така, според важечката регулатива, постојат само структурирани докторски студии, а традиционалните докторски студии коишто беа целосно во примена претходно, сега се целосно исклучени. Тоа создава непотребни усложнувања за помалите високообразовни институции, коишто можат да имаат исклучителни ментори, но пречка ќе претставува организирањето на цела структурирана*

***студиска програма. Покрај тоа, со сегашново решение се ограничува флексибилноста за прифаќање студенти и докторски тези за најнови актуелни проблематики. Докторски студии во Македонија се организираат во принцип за сите научни полиња. Она што е ограничување беше напоменато погоре, а е поврзано со малата флексибилност на законското решение, ги ограничува можностите да се прават докторски тези на најнови значајни проблематики. Мора да бидат овозможени повеќе флексибилни решенија што ќе доведат до покривање на многу специфични дисциплини“***, изјави професор доктор Благица Новковска од Универзитетот Скопје.

Ако се анализираат податоците достапни од Државниот завод за статистика, може да се констатира дека во 2022 година, звањето доктор на науки го стекнале 197 лица, што претставува намалување за 2% во споредба со 2021 година. Тоа покажува дека за разлика од развиените земји, кај нас докторските студии не се посебно интересни.

***„За разлика од развиените земји, кај нас докторските студии не се посебно интересни ако се анализира бројот на запишани и завршени студенти на докторски студии. Според податоците за 2021 и 2022 година, само околу една десетина од оние што завршуваат втор циклус студии се запишуваат на докторски студии. Најмногу интерес за докторски студии има во областа на здравството и на социјалната заштита (застапени со околу 30% од успешно завршените студии), за бизнис, администрација и право (17%), а потоа за општествените науки, новинарството и информирањето (околу 15%). Полето инженерство, производство и градежништво учествува со само 9%, а информатичко-комуникациски технологии (ИКТ) со околу 8%. Полето природни науки, математика и статистика учествува со помалку од 5%“***, анализира Новковска.

За жал, не можат да се обезбедат прецизни податоци за тоа колку лица од Македонија се на докторски студии во странство, но според Новковска, интересот за студирање во странство е сѐ поголем поради далеку подобрите услови кои се нудат во странските земји

***„Не може да се обезбедат прецизни податоци за тоа колку лица од Македонија студираат на трет циклус во странство, затоа што тие одат по различни канали: дел заминуваат со стипендии коишто се објавуваат од Министерството за образование и наука, но дел си аплицираат независно на странски фондови и воопшто не се евидентираат кај нашите институции. Според посредни сознанија, има голем број што се запишуваат на докторски студии во странство, не само поради повисокиот квалитет, туку и поради подобрите услови за студирање и живот, со платени школарини, добри стипендии и сместување во домови со висок стандард. Така, во Македонија докторираат приближно 200 лица на годишно ниво, додека само во Швајцарија по конкурс распишан преку МОН се запишуваат 20 до 30 кандидати. Кандидатите не се испраќаат врз основа на потреби дефинирани според национална политика, туку според барањата на земјите каде што ќе студираат“***, вели Новковска.

За да се смени ваквата неповолна состојба, државата треба да помогне со олеснување на административниот товар, како и со финансирање на соодветни научно-истражувачки проекти и стипендии за докторандите, вели Новковска. Во моментов на Агенцијата за вработување има 15 доктори на науки кои се невработени, но според неа таа бројка или е преодна или во моментов не

постои толкава потреба на пазарот на труд за тие профили.

*„Во Македонија годишно докторираат околу 200 лица, па бројката од 15 лица може да биде преодна, до наоѓање на новото вработување, или на профили за коишто не постои во моментот толкава потреба. Најголемиот дел се вработени, зашто потребите за кадри со највисок степен во Македонија се далеку од тоа да бидат задоволени. Има и лица што завршиле докторски студии што се вратиле во земјата иако не биле финансирани од наши извори. Може да се утврди дека потребата од кадри со завршени докторски студии во земјата е уште голема. Со развојот на многу нови економски дејности, ќе има уште поголеми потреби, што ќе бара раст на бројот на понуди на докторски студии од државните и од приватните високообразовни институции во Македонија. Државата треба да помогне со олеснување на административниот товар, како и со финансирање соодветни научно-истражувачки проекти и стипендии за докторандите. Одредени чекори во таа насока почнуваат да се прават. Така, од академската 2021/2022 година, Министерството за образование и наука за првпат воведува стипендии за докторски студии во Македонија. Овој тренд треба да продолжи и да се забрзува во наредниот период“*, изјави Новковска.

Инаку, според последните податоци од Државниот завод за статистика, за 2022 година вкупно 197 лица се стекнале со звање доктори на науки, но интересно е да се спомене дека 64 од нив се странци. Тоа значи дека дури третина од сите кои станале доктори на науки се странци, покажуваат податоците на ДЗР.

| Т-02: Доктори на науки според дејноста во која вршат занимање<br>T-02: Doctors of science according to their field of activity | | |
|---|---|---|
| **Дејност во која вршат занимање** | **Вкупно Total** | **Field of activity** |
| **Вкупно** | **197** | **Total** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 4 | Agriculture, forestry and fisheries |
| Градежништво | 2 | Construction |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 | Financial and insurance activities |
| Стручни, научни и технички дејности | 3 | Professional, scientific and technical activities |
| Административни и помошни услужни дејности | 5 | Administrative and support service activities |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 4 | Public administration and defence; compulsory social security |
| Образование | 42 | Education |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 51 | Human health and social work activities |
| Уметност, забава и рекреација | 1 | Arts, entertainment and recreation |
| Други услужни дејности | 11 | Other service activities |
| Не е вработен | 1 | Unemployed |
| Непознато | 7 | Unknown |
| Странски државјани | 64 | Foreigners |

*Извор: Државен завод за статистика*

Според истите податоци, дури 99 жени одбраниле докторска дисертација во текот на 2022 година, што претставува 50.3% од вкупниот број лица што докторирале во таа година. Најмногу или 61 лице докторирале во областа здравство и социјална заштита. Во бизнис, администрација и право докторирале 35 лица, а само 9 лица во природните науки, математика и статистика, во ИКТ-сектор 16, а во инженерство, производство и градежништво 14, во општествени науки, новинарство и информирање вкупно докторирале 20, во уметност и хуманистички науки докторирале 20, а во образование 9 лица станале доктори на науки.

Пишува: доц. д-р Гордана Серафимовиќ,
професор на Универзитетот Скопје

# ЗОШТО РАСТАТ ЕКОНОМИИТЕ?

**Додека сите сме живееле во периодични рецесии и забавување на економијата, малку луѓе во развиените земји денес знаат дека некогаш постоеле времиња кога економијата не растела така брзо. Ако тоа го погледнеме од наша перспектива, тоа значи дека повеќето од нас заработуваат повеќе отколку што заработувале нашите родители, но и дека очекуваме нашите деца да заработуваат повеќе од нас. Економскиот раст, понекогаш се чини дека е незапирлив, а сепак нема закон што вели дека економиите треба да растат. Тие може да мируваат, па дури и се склучувало, со децении или векови. Во последно време, темпото на раст е значително различно од земја до земја и од деценија во деценија.**



## ЗОШТО НЕКОИ ЕКОНОМИИ РАСТАТ ПОБРЗО ОД ДРУГИТЕ?

Тоа прашањето е во јадрото на економијата и всушност е причината зошто економијата е во основата на современиот живот. Без разлика дали е тоа заради човечката алчност за материјални добра или заради нашата желба да создадеме подобар свет со добри училишта и болници за сите, повеќето од нас сакаат да гледаат како земјата во која живеат се обидува (како и самите ние) да стане побогата.

Многу децении, нивото на развој на една земја се мереше само според нејзиниот економски раст. Ова значеше дека колку е поголема економијата на земјата, толку е поголемо нивото на раст, иако овој раст навистина не значеше многу промени во животот на повеќето луѓе. Идејата дека квалитетот на животот што го уживаат луѓето во една земја, можностите што ги имаат и слободите што ги уживаат, се важни аспекти на развојот, не е нова.

Неопходноста да се одржи економскиот раст и да се подобри неговиот квалитет во глобализацијата бара преструктуирање на меѓународните и националните економии што може да им обезбеди поголема стабилност и конкурентност. Транзицијата од традиционална економија, која се базира на продуктивен процес, во економија на знаење, која ги користи идеите и иновациите како движечка сила, бара да се зголеми човечкиот потенцијал.



Доц. д-р Гордана Серафимовиќ, професор на Универзитетот Скопје.



# ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ПОДДРШКА НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ

Во оваа ера на глобализација, улогата на човечкиот капитал е неопходна за поддршка на економската активност во секој регион кој сака да напредува. Способноста на земјата да ги развие своите човечки ресурси, поточно да обезбеди квалификувана работна сила во различни области, станува клуч до успех на економските политики во секоја земја.

Човечкиот капитал, колективните вештини, знаење и експертиза што ги поседуваат поединците е витална предност што го поттикнува економскиот раст и иновациите. Инвестирањето во човечки капитал преку образование, обука и здравствена заштита не само што ја подобрува продуктивноста и конкурентноста, туку и поттикнува индивидуален раст и општествен развој. Препознавањето и негувањето на човечкиот капитал е од суштинско значење за градење на еластични економии и просперитетни заедници.

## ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Инвестициите во човечки капитал се фундаментални за поттикнување на економскиот раст. Истражувањата покажуваат дека зголемувањето на човечкиот капитал од 1% може да доведе до зголемување на вкупната продуктивност за 0,5% (Светска банка). Оваа корелација ја нагласува виталната улога на квалификуваните поединци во поттикнувањето на економскиот просперитет.

Инвестициите во човечки капитал се класифицирани во две форми на инвестиции, првата е форма на образование и втората е форма на здравје.

Човечкиот капитал, кој ги содржи знаењата, вештините и искуствата на поединците, е сложено поврзан со образованието и можностите за вработување. Образованието служи како основен столб во развојот на човечкиот капитал, обликувајќи ги способностите на поединците и подготвувајќи ги за квалитетна работната сила.

Квалификуваните работници се од суштинско значење за зголемување на нивото на продуктивност. Студиите на ОЕЦД откриваат дека поединците со повисоко ниво на образование се до три пати попродуктивни од оние со пониско ниво на образование. Ова го нагласува директното влијание на човечкиот капитал врз ефикасноста и придонесот на работната сила.

Човечкиот капитал во неговата поширока смисла треба да претставува повеќе од придобивките за економијата. Една област од посебен интерес е влијанието на човечкиот капитал врз здравствениот систем, исто така како човечкиот капитал е под влијание на здравјето на работната сила. Здравјето директно влијание врз економскиот раст затоа што само здрави луѓе можат да работат силно и подолго, само здрав студент може да учи супериорно. Затоа, подобро здравје во една земја ќе го подигне нивото на приход.

Фокусот на академските истражување за овој линк, се фокусираат на аспектите на физичкиот и менталниот статус на здравјето и добиените плати, како и на краткорочните влијанија на пазарот на трудот. Ова треба да им помогне на креаторите на политиките да размислат за пошироки неекономски придобивки од човечкиот капитал.

Здравјето е клучна компонента на човечкиот капитал. Светската здравствена организација проценува дека за секој 1 долар инвестиран во здравје и благосостојба, има враќање од 2 до 4 долари во економски придобивки. Здравата работна сила е попродуктивна, поотпорна и подобро опремена за да го поттикне економскиот напредок.

Пристапот до квалитетно образование е од суштинско значење за негување на човечкиот капитал. Обезбедувајќи им на поединците потребните знаења и вештини, образованието ги подобрува нивните способности, ја зголемува продуктивноста и ги опремува ефективно да придонесат за економијата. Тоа игра клучна улога во обликувањето на можностите за вработување. Статистиката покажува дека поединците со повисоко ниво на образование имаат поголема веројатност да обезбедат стабилни и добро платени работни места. Во многу економии, постои директна корелација помеѓу образовните достигнувања и стапките на вработеност.

На денешниот динамичен пазар на труд, често постои несовпаѓање помеѓу вештините што ги поседуваат оние што бараат работа и оние што ги бараат работодавците. Решавањето на овој јаз преку програми за континуирано образование и обука е од суштинско значење за зајакнување на човечкиот капитал и промовирање на одржливо вработување. Со оглед на брзото темпо на технолошкиот напредок и промените во индустријата,



Доц. д-р Гордана Серафимовиќ, професор на Универзитетот Скопје.

доживотното учење стана императив. Поединците треба постојано да ги ажурираат своите вештини и знаења за да останат конкурентни во работната сила, нагласувајќи ја важноста на тековното образование за одржување на човечкиот капитал.

Обезбедувањето еднаков пристап до образование и можности за вработување е од клучно значење за максимизирање на потенцијалот на човечкиот капитал. Решавањето на бариерите како што се родовите разлики, социо-економските нееднаквости и недостатокот на ресурси е од суштинско значење за создавање поинклузивна и квалификувана работна сила.

Препознавајќи ја критичната врска помеѓу човечкиот капитал, образованието и можностите за вработување, општествата може да поттикнат квалификувана работна сила, да го поттикнат економскиот раст и да промовираат индивидуален просперитет. Инвестирањето во образованието, обуката и иницијативите за доживотно учење е клучно за отклучување на целосниот потенцијал на човечкиот капитал и создавање на поживописен и одржлив пазар на труд.

Како заклучок, човечкиот капитал е основа за економскиот развој и општествениот напредок. Инвестирањето во образованието, обуката, здравствените иницијативи и родовата еднаквост е императив за искористување на целосниот потенцијал на човечкиот капитал. Со препознавање и негување на талентите и вештините на поединците, општествата може да го отворат патот за одржлив раст, иновации и просперитет на глобално ниво.

# ГРАЃАНИТЕ ЖРТВА НА ЛАГИТЕ НА СПАСОВСКИ И ЗАЕВ – ЌЕ ИМА ЛИ ОДГОВОРНОСТ ЗА ХАОСОТ ШТО ГО НАПРАВИЈА СО ПРОМЕНАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Првите две седмици од февруари граѓаните влегоа во „цајтнот" при промената на лични документи со новото име на државата. И тоа не по своја вина. Властите кои го потпишаа Договорот ниту се подготвија на време, ниту избраа фирма која ќе ги печати обрасците навреме, ниту пак ја искомуницираа соодветно и брзо целата ситуација со населението. Така, на само неколку месеци до истекот на крајниот рок, 12 февруари, граѓаните сфатија дека мора час поскоро да ги променат пасошите, личните карти, возачките дозволи, налепниците на регистарските таблички. Тоа создаде хаос од невидени размери. Толпа измрзнати луѓе кои цел ден чекаат за сликање за нови документи е сликата која секојдневно може да се види пред „апансас" новоотворениот пункт во П.С. Пролет. Во „5 до 12" новиот технички министер


Новиот министер воспостави ред во „5 до 12“.
*Извор: МВР*



направи промени, но тоа секако нема премногу да го забрза процесот. Стотици илјади граѓани на 13 февруари нема да можат да излезат од земјата. Претходникот на техничкиот министер, Оливер Спасовски, предолго ја лажеше јавноста дека е сè во ред, кога со месеци немаше ниту термини, ниту обрасци за завршување на процесот. Кој е виновен? Власта која не се подготви навреме? Граѓаните кои не почнаа порано да ги менуваат ВАЖЕЧКИТЕ документи? Може ли трошокот за вадење нови пасоши и лични карти да им се рефундира од буџетот? Ќе одговара ли некој за целата ситуација? Дали ќе се одговори соодветно на кривичната пријава против поранешниот премиер Заев и министер за внатрешни Спасовски? Никој не знае да каже кога конечно ќе заврши целиот процес на промена на личните документи.



Турканица за сликање за лични документи.

## АПОКАЛИПТИЧНИ СЦЕНИ ПРЕД ПУНКТОВИТЕ ЗА СЛИКАЊЕ

Сликите кои можеме да ги видиме од пред пунктот за фотографирање за лични документи Пролет последниве неколку месеци наликуваат на сцени од некој апокалиптичен филм. Метеж од гневни и лути луѓе кои чекаат без никаква потреба да ги сменат своите веќе постоечки лични карти и пасоши. Вонредниот пункт беше отворен во ноември, 3 месеци пред истекот на крајниот рок кога веќе стана јасно дека нема ниту време, ниту капацитети за да се променат толкав број лични документи. Редиците од луѓе кои измрзнаа надвор чекајќи ред, меѓу кои имаше и бремени жени, деца, старци, болни, беа секојдневна појава. Граѓаните очекувано, беа револтирани, прво што тие самите мораат да ги менуваат личните документи, второ бидејќи целиот процес е хаотичен и нерегулиран.



Личните карти продолжуваат да важат за домашна употреба.
*Извор: МВР*

*„Дојдов во 8 часот утрово и еве уште чекам, овде бев и вчера. Не успеав да завршам работа“.*

*„Зошто да доаѓам пак да се сликам по две години? Нека ги искористат мојата слика и податоци и новиот пасош нека ми го пратат на домашна адреса“.*

*„Ова е голгота. Треба да одам да ја видам ќерка ми во Австрија и сега не можам бидејќи во март ќе немам валиден пасош“.*

*„Нема ниту ред, ниту поредок. Ни некој дава бројчиња, ни има листа кој е прв кој втор. Влегуваат преку ред. Ако завршиш работа, завршиш. Ако не, утре пак треба да дојдеш сабајле“.*

*„Пет години траело тоа, зошто уште тогаш не ни ставија РСМ, не малтретираат. Јас имам 63 години и сега морам да стојам, нели е срамота да малтретираат. Пет години имале време. Мојата лична карта трае до 2031 година, а до 2027 пасошот, зошто јас да ги плаќам, од нашиве пензии со 13.000 денари, ние сега даваме по 3.000 денари за документи, нема смисла, навистина претераа.“*

Гужвите почнаа при крај на летово, кога веќе стана јасно дека Грција нема намера да попушти и да ни даде повеќе време. Дотогаш имаше проблем со предоцното закажување,

но барем можеше да се извади пасош по брза постапка во разумен рок. Работите ескалираа есенва. Метежот малку се намали кога Владата соопшти дека личните карти ќе продолжат да важат за домашна употреба и кога полициски службеници почнаа да ги доставуваат готовите документи на домашна адреса. Но и овој потег ги разлути граѓаните. Многумина, особено постарите кои немаат намера да ја напуштат земјава, да патуваат и слично, велат дека за џабе се мрзнеле на студот да извадат лични карти кога тоа воопшто и не требало да го направат. Така само им ја отежнале и им ја забавиле постапката на оние на кои, на пример, итно им треба нов пасош.

Револтирани беа и Македонците кои живеат во странство кои ги искористија новогодишните и божиќните празници за да си ги обноват документите. Некои од нив не успеаја да завршат работа на време, во голем дел поради метежот кој го правеа оние што вадеа лични карти.

Експертите негодуваат токму на ова. Сметаат дека Владата требала навреме да се подготви и да го искомуницира ова со јавноста,




**Нема доволно обрасци за пасоши.**
*Извор: МВР*

односно да одлучи дека личните карти ќе продолжат да важат за домашна употреба. Но, Владата не само што навреме не им соопшти на граѓаните за крајните рокови, туку и МВР не ја подготви да работи во вонредни услови за прием и за изработка на толку многу документи одеднаш. Не воведе дополнителни пунктови навреме, ниту пак ги екипираше со кадар. За набавка на обрасци (особено двојазични) да не зборуваме. Беа набавени едвај 1,7 милиони. Едноставно немаше никаков систем и сè беше хаотично.

## СЕ НАПРАВИ РЕД НА 5 ДЕНА ПРЕД ИСТЕКОТ НА РОКОТ

Конечно, ред се воспостави дури на 7 февруари или на само 5 дена до крајот на рокот. Техничкиот министер за внатрешни работи, од редовите на ВМРО-ДПМНЕ Панче Тошковски направи ревизија на закажаните термини и утврди дека голем дел од граѓаните не се појавиле или нема да се појават на закажаните термини бидејќи веќе ја завршиле работата во пунктот „Пролет“ без закажување.

***„165.000 граѓани во Скопје имаат закажано термин за вадење лични документи, кој што број вчера во неделата мојот тим со луѓето вработени во рамките на МВР констатираа дека е неточен. Откога направивме првично споредување на податоците, бројот падна за отприлика 20 отсто. Тоа значи дека некаде околу 30.000 телефонски закажувања се непотребни, односно несуштински и го оптоваруваат системот, и нереално наместо граѓаните да закажат во август – септември, закажувале во ноември – декември“***, рече Тошковски.

Се промени начинот на работа, со кој треба да се забрза процесот. Сега 14 вработени од МВР сликаат за пасоши во пунктот „Пролет“, а од 12  февруари треба да се работи и во две смени. Со новината која ја воведе министерот Тошковски, тоа всушност значи зголемување на капацитетот од 4 базни станици на 28 во еден ден.

Пунктот Пролет функционира само со

закажани термини. Граѓаните на територија на Скопје, кои добиле термин до крајот на април, ќе го искористат терминот, а оние кои првично требало да се пријават во пунктот од мај, веќе се информирани од службите за да дојдат да ја завршат обврската за смена на личните документи. Овој пункт функционира со 14 фотографи.

Иако, пред овој пункт нема долги редици и турканици, какво што беше искуството во изминатите месеци, сепак гужвата се префрли на телефонските линии. Граѓаните со поделени мислења. Дел од нив не чекале долго, други пак се соочуваат со зафатени телефонски линии за закажување.

## МАКЕДОНЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРАЌААТ ВО ЗЕМЈАВА СО ПАТЕН ЛИСТ

Допрва се чекаат одлуките што да се прави и како да им се олесни постапката на Македонците кои ќе се затекнат во странство со неважечки пасош по 12 февруари. Тие прво треба да се најават во дипломатско-конзуларните претставништва кои се најблизу нивното место на живеење и да закажат сликање за нов пасош. Сепак, целата процедура трае 30 дена, па нејасно е дали тие треба да се враќаат во амбасадите за да си ги подигнат готовите документи или пак можат да им стигнат на посакуваната адреса.

Сепак, Македонците во странство се жалат дека нашите амбасади се неорганизирани како и институциите во нашата држава, па за нов термин за фотографирање се чека со месеци. Освен тоа има многу Македонци кои живеат и работат во земји во кои Македонија нема амбасади, па мораат да патуваат или пак да ги чекаат службениците од најблиската амбасада да дојдат да го фотографираат за нов пасош. На пример, нашинците во Малта, ќе ги чекаат службениците од амбасадата во Рим кон крајот на февруари. За подигање на пасошите, пак, треба да чекаат нова посета (по еден месец) или пак да издвојат пари за достава (DHL).

Токму затоа, и по истекот на рокот ќе се обидат нови документи да извадат во земјава. Тие ќе треба прво да закажат термин во Македонија и да се вратат овде да се фотографираат. Но за да се вратат по 12 февруари ќе можат само со патен лист. Проблем е и цената на патниот лист, кој велат дека чини по 30 евра од човек. Засега нема информации дали ќе се забрза процесот на нивно подигање на пасошите во земјава.

## ДИЈАСПОРАТА НЕМА ДА МОЖЕ ДА ГЛАСА?

Од Обединетата македонска дијаспора алармираат дека се работи за илјадници Македонци кои живеат во странство, најмногу во Европа и во САД, кои за неколку дена остануваат без валидни документи. Дополнително, според нив без нови документи дијаспората ќе има проблем при гласањето на изборите, односно нашинците во странство нема да можат да го искористат правото на глас на претседателските и на парламентарните избори.

*„Илјадници случаи, ние мислиме дека се 100.000 државјани засегнати со ова. Но, ние како граѓани сме имале простор од 5 години, а тоа не е направено. Дефинитивно сите они кои се надвор, со стари документи ќе мора да извадат патни листови. Доколку летаат, не очекуваме проблем, но доколку транзитираат не се знае. МНР не може да гарантира дека некоја од државите не може да направи проблем“*, вели Гордан Јорданов од Обединета македонска дијаспора.

## ОБИД ДА СЕ ПРОЛОНГИРА РОКОТ

Никој, ниту тогашниот премиер Ковачевски, ниту министерот за внатрешни Оливер Спасовски, ниту пак претседателот Стево Пендаровски не се одважија да зборуваат со своите грчки колеги и барем да се обидат да добијат некакво одложување. Грчкото „охи" конечно стигна откако техничкиот министер за внатрешни Панче Тошковски ја презема функцијата и разговараше со грчката амбасадорка во земјава Софија Филипиду.

Грчкиот министер за надворешни работи Јоргос Герапетритис кон средината на јануари порача дека Договорот од Преспа е меѓународен, има сила над сите законски одредби и не може еднострано да се менува од некоја од двете страни.

***„Континуирано сум истакнувал дека Договорот од Преспа претставува меѓународен договор. Беше изгласан од грчкиот парламент и, како што налага Уставот, овој договор има сила над секоја друга законска одредба, што значи дека не може еднострано да се смени од која било од страните. Нова демократија навремено ги изнесе позициите во однос на оние точки што беа проблематични во Договорот од Преспа. Навремено посочи дека ќе постојат прашања и во имплементирањето. Денес сме уставно обврзани да го спроведуваме овој договор и не е можно еднострано менување. Но, она што мора да го правиме и го прави Грција е да го следи доследното и строго да го почитува"***, истакна Герапетритис.

Сепак, грчкиот министер вешто го избегна одговорот зошто грчката страна, исто како и Македонија, не го запази рокот до кој требаше да ратификува три меморандуми во својот парламент. „Сакале да не го нарушат сентиментот на граѓаните во Северна Грција", беше одговорот зошто не се променети имињата на географските локации и зошто не е пуштен во употреба граничниот премин Маркова Нога кај Долно Дупени.

**Грчката амбасадорка Софија Филипиду потврди дека Грција не одобрува пролонгирање.**
*Извор: МВР*



## ЗАДОЦНЕТА РЕАКЦИЈА – ХАОСОТ ЛЕСНО МОЖЕШЕ ДА СЕ ИЗБЕГНЕ

Владата имаше цели пет години да се подготви за оваа операција. Прво да го почне процесот уште во 2019, односно да распише тендер за избор на компанија која ќе ги печати личните документи со новото име на држава. Процесот на издавање на лични документи со новото име почна предоцна – кон средината на 2021 година, дури две години откако Договорот од Преспа стапи на сила. И покрај тоа што две години уште во старт беа изгубени, министерот за внатрешни Спасовски уште две и пол години залудно ги убедуваше и Грците и македонските граѓани дека во предвидениот рок сите граѓани ќе се снабдат со нови документи.

Освен тоа, мнозинството граѓани не сакаат, прво, воопшто да ги менуваат важечките документи. Второ, гневни се што и покрај тоа што некои имаат пасоши извадени во 2021 со старото име, но печат со ново име, немаат валидни документи, односно пасошите не им се признаваат. Трето, кога веќе се принудени да извршат промена, таа да не падне врз нивен грб, туку трошокот да биде на државна сметка.

Многумина очекуваа дека МВР самата ќе се организира навреме и ќе им подготви нови документи со познатите податоци и фотографии и ќе им ги достави до домашната адреса или пак ќе ја ангажира Македонска пошта. Сметаат дека со ваква организација ниту ќе имало гужви, ниту граѓаните на крајно понижувачки начин ќе чекаа со часови и денови пред пунктовите на МВР. Вакви се примерите во европските земји и Австралија. Некои одат дури дотаму што велат дека кога веќе земјава била принудена без амин од граѓаните да го промени уставното име за да ги забрза евроинтеграциите, тогаш и самата Европска Унија можела да издвои од некој свој фонд пари и да и ги даде како грант на земјава, за да не ги удри промената на личните карти, пасоши и возачки дозволи граѓаните по џебот (парите да не бидат од буџетот, туку европски). Сметаат дека срамот паѓа и врз Унијата, која и покрај декларативните заложби дека сака да бидеме дел од европското семејство, ја третира државава како сираче кое го остава само да се снаоѓа во хаосот во кој го вплеткала.

## ЌЕ ИМА ЛИ ОДГОВОРНОСТ?

Дали поради ова доцнење кое ги доведе граѓаните во крајно незавидна ситуација, надлежните можат да одговараат за злоупотреба на службената положба и овластување поради неизвршување на своите службени должности? Токму така мисли правничката од Скопје Олгица Н. Трајковска која минатиот август до ОЈО поднесе кривична пријава против Оливер Спасовски и Зоран Заев поврзана со принудната замена на документите со важечки рок.

***„До ОЈО поднесов Кривична пријава против министерот О. Спасовски и поранешниот претседател на Владата З. Заев, за кривичното дело: Злоупотреба на службената положба и овластување (чл. 353 ст.3 од КЗ) поради НЕИЗВРШУВАЊЕ на своите службени должности за усогласување на документите од страна на ЈАВНАТА администрација (меѓу кои и на личните документи на граѓаните), а О. Спасовски и за ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ на своите службени должности извршено, спротивно на правниот систем, со негово УСНО прогласување за неважечки на издадени важечки документи согласно законите за лични документи во рокот од петте години, во кој јавната администрација била должна да ги усогласи, а поради нивна вина тоа не го сторила... со што се предизвикува ЗНАЧИТЕЛНА материјална штета за граѓаните, покрај другите штети по здравјето, уставното начело за правна сигурност...итн! Господ на помош!“***, стои во објавата на Трајковска на Фејсбук.

## ДЕЛ ОД ПОЛИТИЧАРИТЕ ДАДОА ПОДДРШКА НА ОВАА ИДЕЈА

***„Моите лични документи (лична карта, пасош и возачка дозвола) со името Република Македонија се важечки уште неколку години и не мислам да ги менувам. Ако некој не ги усогласил на време, нека одговара! И ќе одговара бидејќи г-ѓа Олгица Трајковска им поднела тужби на Заев и на Спасовски. Алал да ѝ е“***, коментираше претседателката на Глас за Македонија, Солза Грчева.

## ДАЛИ ПЕНДАРОВСКИ, КОВАЧЕВСКИ И СПАСОВСКИ ЈА ЗАПОСТАВИЛЕ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ?

За запоставување на службената должност на претседателот, претходниот премиер Ковачевски и поранешниот министер за полиција Спасовски, според Ивица Боцевски, станува збор и во делот на непреземање акција во комуникацијата со нивните грчки колеги.

***„Меѓусебното префрлање на обврската за воспоставување контакт со грчките власти за спроведувањето на Преспанскиот договор во делот за важноста на личните документи, покажува крајна неодговорност спрема македонските граѓани. На крајот, новиот министер за внатрешни работи презема конкретен чекор барем околу информацијата за можноста за одложување на рокот за замена на документите. Но преземањето одговорност на новиот министер за внатрешни работи е логично и во интерес на граѓаните, додека однесувањето на надлежните институции, односно личности со извршна функција за ситуацијата што претходно самите ја креираа, е повеќе како на слободни филозофи без извршна одговорност и затоа би требало да одговараат барем за запоставување на службената должност“***, пишува Ивица Боцевски.

## ДАЛИ ЌЕ ГО РЕШИ ПРОБЛЕМОТ ИСПРАЌАЊЕТО ДИПЛОМАТСКА НОТА?

Поранешниот амбасадор и дипломат од кариера Ристо Никовски уверува дека Владата погрешно наместо да моли за одложување, требала да го реши проблемот по дипломатски пат. Сè можело да се реши само со дипломатска нота кога се сфатило дека ќе нема доволно време и капацитети за да се запази дадениот рок. Требало само да се извести Атина дека земјава не е во можност да ја исполни обврската за рокот за замена на личните документи на граѓаните со што привремено би се суспендирал дел од договорот.

***„Објаснувањето е кусо – не можеме да ги оставиме граѓаните без лични документи! Никој не може да го оспори тоа, та да сме потпишале дури и капитулација во војна. Грција е без никаков маневарски простор. Ако реагира, се отвора мал фронт. Ќе им се врати дека нашата позиција е дефинитивна, бидејќи немаме простор за поинакво решение и ако сакаат поинаква разврска, без меѓусебната согласност, макар и премолчена, можат да се обратат до надлежните меѓународни институции.***

***Друго решение – немаат! И што мислите, ќе одат на суд? Во никој случај. Тоа би траело три, пет... години. И, што? Изгубено време и пари. Ништо друго. Истовремено, ќе се потсетат дека тие ништо не спровеле од Нивици. Трите протоколи сè уште не ги ратификувале, а морале одамна...“***, пишува Никовски во колумна за Нова Македонија.

Аналитичарот Сашо Клековски потенцира дека Владата ужасно лошо го изменаџирала целиот процес и однапред не го набавила потребниот број обрасци, поради што над еден милион граѓани можат да останат без соодветни документи. Уверува дека старите лични карти и пасоши можеле да важат и по 12 февруари.

***„Сите три документи, пасошите, личните карти и возачките дозволи, се валидни сè додека документите имаат рок на важност. Повозрасните се сеќаваат дека пасошите на СФРЈ се употребуваа и по независноста на Македонија, дури и по службениот крај на СФРЈ во 1992 година. Така и сегашните документи се валидни до нивниот рок на важност. Зошто тогаш се лаже? Да не се налути Грција, па да поведе спор пред меѓународен суд? Или ќе ни стави ново вето за ЕУ? Затоа ВМРО-ДПМНЕ поднесе претставка до Уставниот суд за укинување на законот, со што би се овозможило пасошите да се употребуваат до нивниот рок на важност“***, вели Клековски.

Привремената мерка предложена од ВМРО-ДПМНЕ со која би се овозможило важечкиот рок на личните документи да се пролонгира, засега не наиде на реакција од Уставниот суд. Оттаму нема никаков коментар ниту за неможноста илјадници граѓани навреме да извадат нови патни исправи поради кои им се ограничува уставното право на слободно движење.

## ГРАЃАНИТЕ СЛОБОДНО МОЖАТ ДА ПОДНЕСУВААТ ПРЕТСТАВКИ

Народниот правобранител, пак, Насер Зибери ги охрабри граѓаните дека можат да поднесат приговори пред повеќе институции, меѓу кои и Уставниот суд. Според член 27 од Уставот секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката. Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, но само заради заштита на безбедноста на Републиката, водење кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.

***„Уставот го гарантира правото на слобода на движење и прецизно одредува во кои услови истото може да биде ограничено. Овој проблем кој сега се создаде не го опфаќа, па со неиздавањето валидни документи на граѓаните им се прекршува ова право. Тука мора да се земат предвид сите патувања, како лекување во странство, посета на семејствата, одмор, заминување на студии, работа, склучување на бизнис зделки и слично. Што се однесува на прашањето кому да се пожалат, секој граѓанин може да поднесе претставка до канцеларијата на Народниот правобранител, да достави поплака до МВР, а воопшто не е спорно дека заштита на своите права може да ги бара во постапка пред надлежните судови како и пред Уставниот суд“***, рече Зибери.

Ова би значело дека ако некој е оневозможен да ја напушти државата бидејќи навреме не можел да извади валиден пасош, а пропушти испит на факултет во странство, закажана операција, се соочи со откажан работен договор, може да покрене постапка пред надлежните судови. По овој основ се смета дека судовите би можеле да бидат преполнети со вакви предмети. Сепак, правните експерти



сметаат дека ретко кој ќе се одлучи да посвети толку време на тужби и да има нерви и мотивација за такво нешто. Исто така, ретко кој верува дека може да добие судски процес против државата.

## МОЖАТ ЛИ ГРАЃАНИТЕ ДА БИДАТ ОБЕСШТЕТЕНИ?

Граѓаните со право негодуваат дека поради фактот што веќе поседуваат важечки документи, особено оние издадени по 2019 со сега веќе старото име на државата, а се принудени да извадат нови, трошокот наместо да го поднесат тие, треба да падне на товар на државата.

***„Како обврска што ја наметнува државата, поседувањето на личната карта, а како резултат на одлука на државата, да се променат личните карти, во тој случај логично е, граѓаните да не бидат изложени на трошоци. Таа обврска им се наметнува не по нивна вина, не поради истек на исправата, туку како резултат на одлука на владата, на собранието, односно, државата. И од тие причини сметам дека граѓаните треба да бидат поштедени од еден ваков трошок“***, реагира народниот правобранител Зибери.

На првата седница на техничката влада, меѓу другото се разговарало и за ова, па оваа опција е можна за реализација во иднина. Во врска со обврските за промена на личните документи согласно договорот, формирана е работна група за да се изнајде соодветно решение за надминување на проблемите. Таа работна група треба да одлучи дали на граѓаните ќе им се враќаат парите, на кој начин, во кои временски рокови, по кои критериуми и слично. Исто така треба да се најдат и пари во државниот буџет, да се пренаменат, да се изврши прераспределба од други ставки, ребаланс и слично, за да се смири гневот кај населението. Ваквата одлука задолжително треба да се преточи во закон кој би го гласале пратениците во законодавниот дом. Сепак, треба да се има предвид дека техничката влада има мандат уште неполни 3 месеци, па ваквите одлуки и кога би се донеле, би можеле да се реализираат со огромно задоцнување.

Трошокот за промена на личните документи за едно семејство изнесува 200 евра, откако во март минатата година, поскапеа сите документи. Па така, пасош за луѓе над 27 години чини 2.000 денари, 500 денари повеќе од претходно. Личната карта поскапи за 120 денари и чини 320, а возачката дозвола 410 денари. Пасошот по брза постапка чини дури три пати поскапо или над 6 илјади денари.

Според последните податоци од средината на јануари, МВР издала над милион лични карти, 1,2 милиони пасоши и 550 илјади возачки дозволи. Според Министерството за внатрешни работи, досега повеќе од 80% од граѓаните ги промениле своите документи со новото уставно име.



**Владата размислува за обесштетување на граѓаните.**
*Извор: Влада*

# МОЈА ОПШТИНА

## ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ИСТОЧНО САРАЕВО, ЉУБИША ЌОСИЌ ЗА МАГАЗИНОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ



"КОСИЌ: **РАСПОЛОЖЕНИ СМЕ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИ ОД МАКЕДОНИЈА**"

"КОСИЌ: ***Олимпискиот центар „Јахорина“ е гордоста на Република Српска***

Помладите генерации најверојатно не слушнале за градот Источно Сараево во БиХ, кој се наоѓа во ентитетот Република Српска. Општината Пале, која е во склоп на градот, е најблискиот град до скијачкиот центар „Јахорина“. Традиционално во Источно Сараево најатрактивна е зимската сезона, но има бројни понуди и за летниот период.

Како функционира овој град, дали има соработка со некоја македонска општина, какви инвестиции се случуваат во скијачкиот центар „Јахорина“, што прави градот за да привлече поголем број туристи, не само во зима, туку и во летниот период? На овие прашања првпат во интервју за нашиот медиум, одговара градоначалникот на Источно Сараево, Љубиша Ќосиќ.



Љубиша Ќосиќ, градоначалник на Источно Сараево.



**Господине Ќосиќ, нагласувате дека сте првиот директно избран градоначалник на Источно Сараево. Што значи тоа, како се избираа претходно градоначалници?**

За градоначалник на Источно Сараево бев избран на локалните избори на 15 ноември 2020 година, кога ја добив поддршката од 19.729 граѓани или 53,53 отсто од вкупно 36.859 важечки гласови. Тоа беше првпат градоначалник на Источно Сараево да се бира директно на избори за период од четири години. Претходно, градоначалниците беа избирани индиректно, во Градското собрание, со мнозинство гласови од советниците. Тоа практично значеше дека за градоначалник можеше да биде избран некој што немал доволно гласови да биде советник во собранието на една од општините во градот или, пак, бил кандидат за градоначалник на една од општините, а не бил избран.

Ова доведе до ситуација градоначалникот да биде некој што реално не уживаше доволна поддршка од граѓаните. Со префрлање на непосредни избори, жителите на Источно Сараево можеа да изберат личност на таа позиција што навистина ја поддржуваат, што му дава легитимитет на градоначалникот да ги спроведува политиките што ги застапува.

**Дали сте Вие општина во Сараево или практично сте град во град?**

Ништо од горенаведеното. Од крајот на војната во 1995 година, Босна и Херцеговина се состои од два ентитета (Република Српска и Федерацијата Босна и Херцеговина) и дистриктот Брчко, и три конститутивни нации – Срби, Бошњаци (поранешни Муслимани) и Хрвати.

Градот Источно Сараево е единица на локалната самоуправа во Република Српска и нема формално правен однос со Сараево што се наоѓа во Федерацијата Босна и Херцеговина.

На основа на одредбата на Уставот на Република Српска и Одлуката од конститутивната седница на Собранието на српскиот град Сараево, Советот на српскиот град Сараево на седницата одржана на 13 март 1993 година донесе одлука за организација на српски град Сараево за време на воена состојба или непосредна воена закана.

Градското подрачје тогаш го сочинуваа следните општини: Центар, Хаџиќи, Илиџа, Илијаш, Ново Сараево, Стари Град, Рајловац, Вогошќа и Трново.

По завршувањето на одбранбено-татковинската војна, односно со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор на кон крајот на 1995 година и територијалната поделба предизвикана со тој договор, нашиот град изгуби некои општини, кои припаѓаа на Федерацијата Босна и Херцеговина, додека некои општини од предвоено Сараево се поделени меѓу Република Српска и Федерацијата Босна и Херцеговина. Во февруари и март 1996 година, ова доведе до егзодус на повеќе од 120.000 Срби од Сараево, најголемиот регистриран мирновременски егзодус на еден народ во светот.

Голем број од тие луѓе се преселија во Република Српска, Србија, регионот и светот, а оние што останаа се населија на денешниот простор и почнаа да го создаваат овој град. На 2 април 1996 година, Народното собрание го донесе Законот за српскиот град Сараево, со кој името на градот се смени во Град Српско Сараево. Името на градот Српско Сараево, се користеше до септември 2004 година, кога Уставниот суд на БиХ, на барање на тогашниот висок претставник, донесе одлука со која ја укина придавката „српски“ од името на градот. Тогаш градот го добил сегашното име – Источно Сараево, а се состои од шест општини: Источно Ново Сараево, Источна Илиџа, Источен Стари Град, Трново, Пале и Соколац. Минатата година градот Источно Сараево одбележа значаен јубилеј – 30 години постоење, при што се разви во модерен град со 65.000 жители во споменатите шест градски општини. Источно Сараево е единствениот град во Република Српска што се состои од неколку општини и е најголем град во Републиката по површина. Зафаќа 1.425 квадратни километри и претставува економски, универзитетски, туристички, културен и спортски центар на источниот дел на Република Српска. Источно Сараево е еден од трите града во Република Српска кој бележи позитивно миграциско салдо и, по Бјелина и Бања Лука, има најголем број деловни субјекти и најголем број вработени. Тоа е место каде што луѓето сакаат да живеат, да работат и да подигаат семејство.

**Неодамна беа отстранети таблите со натпис „Добредојдовте во Источно Сараево, градот со 157.000 Срби што мораа да го напуштат Сараево“. Дали ги вративте и на кого му пречат?**

Се разбира, ги вративме таблите и тие ќе останат таму за потсетување дека по завршувањето на војната во Босна и Херцеговина, сараевските Срби мораа да напуштат делови од предвоено Сараево и самиот град Сараево, бидејќи таму не се чувствуваа безбедно. Градот Сараево, односно неговиот поголем дел, кој за време на војната беше под контрола на тогашната муслиманска влада, беше најголемото мачилиште на Србите во тие години во Босна и Херцеговина. Таму илјадници луѓе беа мачени, малтретирани и убиени само затоа што беа Срби, православни. Таблите им пречат на оние што ги извршиле тие злосторства и на оние што или ги поддржуваат или ги оправдуваат тие злосторства. Политички, Сараево се обидува

да го задржи имиџот на жртва што беше изграден за време на војната во Босна и Херцеговина со помош на западните медиуми и секако ќе им пречи кога ќе ја претставиме вистината. Но, ние не обрнуваме внимание на тоа, вистината ја прикажуваме на секое место и во секоја можност, бидејќи тоа е единственото исправно нешто за доброто на идните генерации. Нашите деца не смеат да растат во лага, бидејќи ако се случи тоа, тогаш се создава основа за некои нови конфликти.

**Дали имате соработка со градоначалничката на Сараево Бенјамина Kариќ?**

Директна соработка меѓу мене како градоначалник во овој мандат и неа нема, но од тоа не бега Источно Сараево, само сакаме соработка што мора да биде на рамноправна основа. Источно Сараево никому не му пркоси, само ја брани својата позиција. Никој не може да очекува од нас да молчиме на речиси секојдневните негативни пораки кон Србите и кон Република Српска. Како што другата страна се бори за себе, така и ние се бориме за себе, и тоа е сосема легитимно. Но, злонамерни пораки како онаа дека граѓаните на источно Сараево преживуваат благодарение на Сараево и работите во Федерацијата Босна и Херцеговина не може да помине. Граѓаните на Источно Сараево кои работат во заеднички тела на Босна и Херцеговина, работат таму од квотата на Република Српска, а тоа нема апсолутно никаква врска со тоа што повеќето институции на Босна и Херцеговина се физички лоцирани во Сараево. Одредени институции на Босна и Херцеговина се наоѓаат во Мостар и во Бања Лука, па никој не вели дека Мостар или Бања Лука ги хранат нив. Оваа земја не може да биде земја на само еден народ: Кога политичко Сараево ќе го разбере тоа, тогаш можеме да продолжиме да живееме нормално. Соработката меѓу Источно Сараево и Сараево ќе биде диктирана од потребите на нашите граѓани. Ако е во интерес на граѓаните



Љубиша Ќосиќ, градоначалник на Источно Сараево.

на Источно Сараево да реализираме некој заеднички проект, секако дека ќе го направиме тоа без никакви проблеми.

**Македонската јавност многу малку знае како функционира локалната самоуправа во Босна и Херцеговина. Имате општини, кантони. Можете ли накратко да ни објасните?**

Мислам дека објаснив во добра мера одговарајќи на претходните прашања. Босна и Херцеговина се состои од два ентитета, Република Српска и Федерацијата БиХ и Округот Брчко, кој има своја администрација, но во некоја смисла е во


Љубиша Ќосиќ, градоначалник на Источно Сараево.

заедничка сопственост на Република Српска и Федерацијата БиХ. Република Српска има републиканско и градско/општинско ниво на власт, додека Федерацијата БиХ, покрај тие две нивоа, има и кантони како средно ниво на власт. Тоа е поради третата мнозинска нација во БиХ, односно Хрватите, кои се мнозинство во неколку кантони во Федерацијата БиХ и таму вршат власт која е сосема независна во однос на нивниот „чадор“. На ниво на Босна и Херцеговина, постојат таканаречени заеднички институции кои се пополнуваат од квотите на Република Српска и Федерацијата БиХ, односно луѓе „делегирани“ од Република Српска и Федерацијата БиХ. На пример, српскиот член на трочленото Претседателство на БиХ се избира на територијата на Република Српска и тој ја претставува Република Српска во Претседателството на БиХ. На територијата на Федерацијата БиХ се избираат хрватски и бошњачки членови на Претседателството на БиХ. Токму тука се јавуваат сериозни проблеми во практиката бидејќи мнозинството хрватски претставници се незадоволни од тоа што бошњачкиот електорат, поради поголем број гласачи, го избира „својот Хрват“ за хрватски член на Претседателството на БиХ. Затоа тие се согласуваат да го променат Изборниот закон на начин што ќе им гарантира на Хрватите дека мнозинскиот хрватски електорат го избира хрватскиот член на Претседателството, а не Бошњаците.

**Неодамна беше Денот на Република Српска. Сметате ли дека Босна и Херцеговина може да опстане во оваа форма?**

Да, секој 9 јануари го славиме Денот на Република Српска. Тоа е единствениот ден на Републиката што го посакуваме, го препознаваме и го поддржуваме. Босна и Херцеговина може да опстане само на оние конкретни принципи кои беа договорени во Дејтонскиот мировен договор и ние немаме проблем со тоа. Проблемот настанува затоа што бошњачките политички претставници сакаат Босна и Херцеговина да биде исклучиво под нивна контрола и прават се за тоа да се случи. На ова не се противат само Србите и Република Српска, туку и Хрватите и нивните политички претставници. Ако не се вратиме на првобитните принципи на Дејтонскиот мировен договор и ако бошњачките политички претставници продолжат со политиката на мајоризација на сите други, Босна и Херцеговина има сè

помалку шанси да опстане.

**Дали сте имале соработка со некоја општина од Македонија?**

Како Град Источно Сараево, за жал, сè уште официјално немаме воспоставено соработка со ниту еден град или општина од Македонија. Секако, тоа не значи дека не сме расположени за тоа и дека таква соработка нема да се воспоставува во иднина, на обострано задоволство. Сакаме да ги прошириме нашите пријателства, особено во регионот, со цел да работиме заедно на проекти кои ќе бидат корисни за нашите локални заедници и граѓани.

**Минатата година беше потпишан договор меѓу скијачките центри „Маврово“ и „Јахорина“, кој е во ваша надлежност. Тоа значи дека со купениот ски-билет во „Маврово ресорт“ може да уживате и во убавината на „Олимпискиот центар Јахорина“. Дали го зголеми овој договор бројот на македонски туристи во Јахорина и обратно?**

Според некои мои информации – да, но за официјален одговор на ова прашање треба да се обратите до Олимпискиот центар „Јахорина“, кој не е во надлежност на градот. Негов мнозински сопственик е Владата на Република Српска. Ние и Олимпискиот центар „Јахорина“ имаме постојана и многу фер соработка што води кон истата цел, а тоа е развој на „Јахорина“ како најатрактивен скијачки центар во регионот и пошироко. Сигурен сум дека тоа ќе го препознаат и македонските туристи, на кои имаме што да им понудиме, а штом ќе дојдат кај нас, ќе дојдат уште многу пати повторно.

**„Јахорина“ е препознатлива туристичка дестинација. Се зголемува ли бројот на туристи од година во година и што правите точно овој центар да биде интересен за туристите? Какви инвестиции се направени?**

„Јахорина“ дефинитивно е туристичка дестинација број еден во Источно Сараево и многу се работи на подобрување на различните содржини на овој туристички центар. Владата на Република Српска издвојува значителни средства за развој на оваа дестинација, која секоја година привлекува сè поголем број луѓе. За зимската сезона 23/24 година има три нови скијачки патеки, што значи дека оваа олимписка убавица сега има околу 50 километри врвни скијачки патеки за алпско и за нордиско скијање. Има и нов парк за сноуборд, што е реткост во скијачките центри во Јужна Европа. Исто така, треба да се напомене дека огромен број скијачки патеки на Јахорина се осветлени, што го прави ноќното скијање сè попопуларно. Сепак, Јахорина не е само зимска туристичка дестинација. Оваа планина живее 365 дена во годината. Во летната сезона се истакнува планинскиот боб, т.н. „alpine coaster“, кој е еден од најдолгите во овој дел на Европа. Тука се и новите адреналински



**Олимписки центар „Јахорина“.**
*Извор: Beogradski sajam*

содржини, од парк на авантури до летна санкалница. Исто така, во 2023 година заедно со Здружението на хотелиери беше уредена пешачка патека во должина од 16 километри која минува низ најубавите делови на Јахорина и опфаќа планински отворени куќички, клупи за одмор, бројни погледи.

**Што нуди овој центар, која е неговата предност во однос на другите зимски ски центри?**

Јахорина се издвојува по добрата сообраќајна поврзаност, релативната близина на меѓународниот аеродром, туристичката понуда за сечиј вкус, луксузните хотели од светска класа, но и традиционалните сместувачки капацитети направени од трупци. Затоа, Јахорина е совршен спој на традиционалното и модерното – цена и квалитет. Овој ски-центар и понатаму е еден од најевтините во поширокиот регион, а неговата понуда и квалитет им парираат на светските ски-центри.

**Каква е летната туристичка понуда во Источно Сараево? Што можат да видат туристите во лето?**

Источно Сараево е специфичен град, со огромна територија и бројни атракции. Иако овде традиционално најатрактивна е зимската сезона, ни летната сезона секако не е сиромашна. Бројните планини, од кои се издвојуваат Јахорина, Романија, Требевиќ, Равна планина и Трескавица, се вистински природни паркови полни со различни содржини. Имаме неколку сè попопуларни ферати (патеки за искачување), од кои најпознатата е фератата Соколов пат на планината Романија, а неодамна помогнавме да се изгради и фератата на Трескавица. На Требевиќ има и помала виа-ферата, која ја заштитивме и ја прогласивме за парк на природата. Ова гарантира зачувување на нашата природа и заштита на ендемската флора и фауна. Бројни излетнички места, реки и извори, пешачки патеки и возење





**Олимписки центар „Јахорина“.**
*Извор: poljice.com*



велосипеди, берење лековити растенија, лов, риболов. Сето тоа се активности кои источно Сараево ги нуди во лето. Покрај тоа, има бројни манифестации, концерти, урбани атракции, шеталишта, паркови, културни институции и споменици кои ја негуваат културата на традицијата и на меморијата.

**Минатата година беше воспоставена авионската линија Скопје – Сараево. Колку придонесе оваа линија за заемно зголемување на бројот на туристите?**

Источно Сараево е отворен град и како таков ја поддржува секоја нова форма на соработка, секое ново пријателство и секако, секој нов контакт. Воспоставувањето авиокомпании сигурно ќе биде заемно задоволително. Пристигнувањето им е олеснето на туристите, а тоа секако значи и поголем број туристи од двете страни.

**Дали размислувате во иднина за поголема промоција на вашиот туристички потенцијал во Македонија, за да доаѓаат македонските туристи почесто кај вас?**

Секако, да се настапува на нови пазари е еден од приоритетите и стратешките насоки кога станува збор за туризмот во Источно Сараево. Настапи на саеми за туризам, воспоставување врски со туристички агенции од Северна Македонија и насочени интернет и телевизиски кампањи на пазарот во Југоисточна Европа се нешто што решивме да го направиме. Имавме добри искуства во претходниот период. Постигната е добра соработка со речиси сите земји од регионот. Во источно Сараево забележително е зголемување на бројот на туристи кои доаѓаат од Србија, Хрватска, Унгарија, Црна Гора, а во последно време бележиме и зголемување на бројот на туристи од Романија, Грција и од Македонија. Се надеваме дека оваа бројка во иднина ќе биде уште поголема и дека на наше заемно задоволство, ќе воспоставиме уште подобри односи.

**Олимписки центар „Јахорина“.**
*Извор: svjetlopis*



# КОПАОНИК - СРПСКИ СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР СО ЕВРОПСКИ ПАТЕКИ И ЦЕНИ КАКО СЕНТ МОРИЦ



Панорама на скијачкиот центар „Копаоник".



Разновидно сместување, добра инфраструктура, голем број ски-патеки, преубав пејзаж од густи зимзелени шуми (смрека и ела), чист воздух, сето тоа се предностите на Копаоник, еден од најпопуларните скијачки зимски дестинации на Балканот. Српската планина е еднакво убава и привлечна и во летниот период поради убавата природа и чистиот воздух.

Копаоник, покривот на Србија, во својот највисок дел потсетува на куќа со рамен покрив, па затоа го викаат Рамен Копаоник. Токму тука е и средиштето на туристичкиот центар.







**Скијање на Копаоник.**
*Извор: trazimsmjestaj.com*

Овде се сместени голем број хотели, апартмани, вили, одморалишта и планинарски домови, како и спортски терени, базени, теретани, кино, продавници. Има и голем број ресторани и кафеани со традиционална и интернационална храна, кафулиња и барови што нудат многу забава за гостите.

Според бројот на ски-патеките, не заостанува зад најпознатите европски ски-центри. Копаоник има ски-патеки во вкупна должина од околу 64 километри, поврзани со систем од 24 модерни жичарници и ски-лифтови со капацитет од над 34.000 скијачи на час. Ако нема доволно снег, тука се најмодерните топови и фрлачи за вештачко правење на снег.

Во последниве години стана привлечен и за многу туристи од Европа. Популарноста на Копаоник ја отсликува и податокот што таму хотели градат Новак Ѓоковиќ и шеикот Мохамед Бин Зајед, престолонаследник на Обединетите Арапски Емирати.

Во последниве две години стана привлечен и за македонските туристи. Предност е и близината. Од Скопје до Копаоник може да се стигне за четири часа.

***„Ски-центрите во Бугарија беа избор на македонските скијачи до пред две години. Но, поради политичката ситуација и веројатно, водејќи се од патриотизмот, Македонците се свртија кон Србија. Интересот за зимување особено за Копаоник порасна нагло, иако цените се двапати повисоки отколку во зимските***



Сместувачки капацитети на Копаоник.



***центри во Бугарија. Може слободно да се каже дека зимувањето на Копаоник ќе ве чини како во некое од скијачките центри во Франција или како во швајцарскиот Сент Мориц“,*** вели еден наш искусен туристички работник.

Често на туристичките блогови посетителите истакнуваат дека се шокирани од убавините на скијачките терени, но и од сметките во кафеаните и во маркетите. За зимување на популарната српска дестинација се потребни повеќе пари отколку за летување во регионот, а цените се зголемуваат секоја година. Кога е во прашање храната, најевтини се крофните, кои чинат евро и пол, а најскапо е јагнешкото месо. Цената на палачинките се движи од 3 до 12 евра, на плескавиците 6 евра до 15 евра, порција ќебапи од 15 до 25 евра, лепче со кајмак од 2 до 4 евра. За порција свинско месо ќе платите од 25 до 40 евра. Ручек за четиричлено семејство чини околу 100 евра. Цената на Пијалоците е следна: ракија – од 3 до 10 евра, вино – од 5 до 10 евра, вотка и виски – од 5 до 15 евра, газирани сокови – 5 евра. Местото нуди и многу квалитетен ноќен живот. Постојат голем број локали со различна понуда на забави и музика.

Копаоник има огромна и богата понуда на хотелско и апартманско сместување, во населбата Брзече, во самиот центар и во таканаречената Туристичка населба. Најпопуларните хотели што се наоѓаат во самиот центар на Копаоник со поглед кон раскошните патеки за скијање се обично со

повисока цена за разлика од хотелите што не се наоѓаат во центарот. Понудите се обично полупансионски или само со појадок. Многу од хотелите имаат богата понуда на спа-центри, внатрешни и надворешни загреани базени, што е обично вклучено во цената на престојот и е доста привлечно за туристите.

***„Апартманското сместување е секако поевтино. Хотелските цени најмногу варираат во зависност во кој период од зимската сезона се престојува. Еден од најпопуларните периоди за престој во Копаоник може да се каже дека е почетокот на декември, кога е официјалното отворање на зимската сезона. Тогаш има различни настани, концерти на познати балкански ѕвезди. Доста популарен период е и зимскиот распуст. Тогаш хотелите се во полн ек. Цените за престој во Копаоник се динамични и често се менуваат. Обично цените за викенд-престој се движат од 100 до 200 евра по соба од ден. Но, ако се работи за повеќедневен аранжман, секако е поисплатливо. Цените на ски-картите се различни во зависност за кој период се работи. Обично за еден ден се движат од 25 до 35 евра. Постојат различни пакети, карти за еден ден, викенд-карти и неделни карти“***, вели Благица Бутикоска, менаџер од туристичката агенција „Аурора“.

За љубителите на ноќното скијање, осветлени се патеките во самиот ски-центар – Панчиќев врв, Караман гребен и Мало Језеро.





**Скијање на Копаоник.**
*Извор: expedia.com*



Дополнително, за најмладите скијачи и сите кои ги прават првите скијачки чекори, има три обезбедени простори за „скијачка градинка“ со подвижни ленти, кои го олеснуваат совладувањето на основните скијачки вештини. Препорачливо е тие да бидат сместени во центарот.

***„Хотелското сместување во центарот на Копаоник за едно 4-члено семејство се движи од 400 евра на база ХБ па нагоре, додека апартманско сместување во центарот на Копаоник се движи од 110 евра по ноќевање. Во викенд населбите цените за хотелско сместување се движат од 300 евра на база ХБ па нагоре, а апартманско сместување од 90 евра“***, вели Љубица Боризовска од „Генерал турс“.

Покрај скијањето и адреналинските спортови, сите гости можат да очекуваат и други зимски радости, како што се санкање, возење со боб по шини, тубинг, возење со моторни санки итн. Исто така, такси-ратрак, со големо задоволство, ќе ве однесе на малку поспецифично возење низ Копаоник, ако сте расположени за ваков тип авантура, но со мала напомена дека е потребно однапред да закажете термин за овој тип искуство.

Како по непишано правило, по завршувањето на скијачката сезона, оваа планина во Јужна Србија се претвора во големо градилиште. Никнуваат нови објекти или се реновираат старите. За многумина тоа го спречува квалитетниот престој на Копаоник и во летниот период на одредени места во планината.

**Ноќно скијање на Копаоник.**
*Извор: Kopaonik - infoKOP*



# СТУДЕНТИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ СО ЗЛАТНИ МЕДАЛИ НА ГАСТРОНОМСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Студентите од Универзитетот Скопје беа учесници  на  Меѓународниот гастрономски натпревар ,,Гастро Истанбул – 2023“ кој се одржуваше по дваесетти пат во областа Тузла Марина. Нашите студенти под менторство на проф. Даниела Пантиќ-Влаховиќ, меѓународен судија,  се натпреваруваа во 4 категории (паста, пилешко, риба и модерно јадење). Овој јубилеен натпревар беше организиран од страна на турската готварската федерација „TASFED“ и господин Бајрам Озрек. Нашите учесници, во  деновите што ги поминаа на овој гастрономски фестивал значаен за нас, се стекнаа со многу пријатели, запознаа многу еминентни имиња во светската гастрономија и станаа дел од најдобрите бидејќи нивните резултати говорат за нивниот квалитет.





Студентите Христијан, Бојана, Виктор и Дијана на „Гастро Истанбул 2023“.



## ТРИ ЗЛАТНИ МЕДАЛИ ВО ТРИ КАТЕГОРИИ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УТМС!

Во конкуренција од 23 држави, нашите студенти беа најдобри и на вториот ден од овој меѓународен натпревар. Христијан Јорданоски и Бојана Богоеска се закитија со два златни медала во категорија паста, а Виктор Арсоски и Дијана Петковиќ со бронза во истата категорија! Успехот се потврди и на третиот ден од натпреварот, кога Дијана Петковиќ и Христијан Јорданоски заслужено добија злато.

Овие студенти учествуваа и на интернационалниот натпревар по гастрономија во Анталија, Р. Турција.

Популарниот ,,Gastro Antalya - international gastronomy and kitchen meeting" беше свечено отворен од градоначалникот на Анталија, г-дин Мухитин Бечек. Натпреварот беше под будното око на шефовите од Германија, Србија, Турција, Азербејџан, а високопоставените критериуми зборуваа за големиот предизвик што им претстоеше на учесниците. Горди сме за постигнатиот успех!

***„Да се издигнеш на тронот и да се одликуваш со два златни и два бронзени медали е чувство на задоволство и среќа, но и чувство на огромна одговорност***

**Наградените студенти на „Гастро Анталија 2023".**



*кон субјектот кој го овозможил тоа. Во организација на Универзитетот Скопје, во два наврати бевме учесници на гастрономски натпревар во Република Турција со познати гастрономи од светски ранг. Благодарност за поддршката до Данијела Пантиќ-Влаховиќ, но и огромна благодарност до тимот на УТМС, кој несебично нè поддржа во секој момент за да дојдеме до посакуваните резултати. На УТМС има широк спектар на можности за да можеме ние, студентите, да се најдеме во секој сегмент од нашата потреба и да се докажуваме. Јас се обидов мојата татковина Република Македонија да ја прикажам во најдобро светло. Во многуте развиени знамиња, високо на тронот беше и македонското знаме и знамето на Универзитетот Скопје. Се чувствував горда и успешна студентка на Универзитетот Скопје. Огромна благодарност до Ректорската управа при УТМС за извонредната организација и реализација на нејзините програмски цели. Се надевам дека нема да застанеме овде. Подготвени сме и одговорни да се соочиме со нови предизвици. Со квалитетни натпревари и со високи резултати можеме да нижеме нови победи и во следниот период во која било област"*, истакна студентката Бојана Богоеска.

*„Успехот на нашите студенти е наша гордост и само преку нивните успеси, ние го трасираме вистинскиот пат. Најчесто поминуваме низ многу ангажмани, дополнителна работа, труд и многу потрошено време, но крајот закитен со многу награди и дипломи, за нас е голем престиж. Учеството на овие меѓународни натпревари со себе носи многу  вежбање, многу непроспиени ноќи, бидејќи да се биде меѓу најдобрите во конкуренција од 25 држави, не е лесно и едноставно. За тоа колку требаа финансиски и човечки ресурси, колку влијаат и подготвеноста и професионалноста на учесниците, зборува и фактот што Универзитетот Скопје и во Анталија и во Истанбул, беше единствен претставник од Македонија. И, дефинитивно, голема е задоволството да се претставува нашата голема Македонија"*, рече м-р Билјана Проеска, раководител на тимот готвачи од Универзитетот Скопје.

Професорката Даниела Пантиќ-Влаховиќ, професор по готварство во средно туристичко училиште во Белград, долгогодишен меѓународен судија во готвење и автор на емисијата „Шефица" на „KITCHEN TV", во својата долгогодишна кариера има учествувано во повеќе од 100 натпревари. Позната е и како организатор на првиот „Првиот интернационален пица-фест во Србија 2023". Во своето богато искуство соработувала со многубројни училишта, факултети и универзитети, како во Србија, така и во странство.

*„Ми беше големо задоволство да соработувам со членовите на тимот на Универзитетот Скопје. Нивната енергија, желбата за знаење и волјата за добри резултати ,беше голема движечка сила за сите нас. Овие млади луѓе од Македонија, со заедничка поддршка, го направија невозможното. Златните медали се нижеа една по друга! На „„Гастро Анталија" и „Гастро Истанбул", студентите освоија со својот шарм, младоста и желбата да се докажат како идни млади шефови. Јас им посакувам многу успех во нивните кариери и се надевам дека Универзитетот Скопје ќе има уште вакви млади таленти"*, истакна професорката Пантиќ-Влаховиќ.

*„Јас, Христијан Јорданоски, сум професионален готвач околу 13години. Во мојата кариера сум учествувал на многу натпревари и семинари во областа на гастрономијата и на туризмот. Сум бил на повеќе државни и меѓународни натпревари, како во нашата држава, така и во други земји. Последниот натпревар беше во Истанбул, од каде што се вратив со 3 златни медали во*




Студентите заедно со својот ментор, проф. Даниела Пантиќ-Влаховиќ.

*различни категории (приготвување на домашна паста, риба и порција на модерен начин), во организација на „TASFED“. Досега сум освоил многубројни златни, сребрени и бронзени медали, но исто така сум освоил и две титули „Гранд при“. Во 2018год, во Украина во Киев, победивме како најдобар јуниорки тим и се закитивме со пехар „Гранд при“. Во 2021 година во Турција во Истанбул, исто така го освоивме „Гранд при“ за најдобар јуниорски тим. Покрај натпреварите во Киев и во Истанбул, сум бил и во Анталија, Измир, Клуж Напока во Романија, Ерусалим во Израел, Брач во Хрватска, Будва во Црна Гора, Белград во Србија, Гастромак во Македонија и Крагуевац во Србија. Исто така, јас сум судија на средношколските натпревари во Македонија и тоа на: „Cook&Serve2018“, „Taste Krushevo 2019“ и „TASTY STRUMICA 2023“. Сепак, морам да издвојам дека најдраги ми се учествата на натпревари каде што го претставувам Универзитетот Скопје, бидејќи голема е честа да се биде дел од ваков престижен универзитет“*, изјави студентот Јорданоски.

*„Јас го сакам Универзитетот Скопје поради можностите што ги нуди за студентите. Среќна сум што ја имав можноста да учествувам на „Гастро Анталија“, натпревар, кој се одржа во ноември минатата година во Анталија. Учествував во категориите паста и пилешко, каде што освоив 2 сребрени медали. За време на натпреварот, имав потполна поддршка од Универзитетот и нашите ментори Даниела Влаховиќ и м-р Билјана Проеска. Исто така, Универзитетот Скопје ми ја даде можноста да учествувам во натпреварот за готвење „Гастро Истанбул – 2023“, кој се одржа во декември. На овој натпревар освоив бронзен медал за категоријата паста и златен медал за категоријата пилешко. Конкуренцијата беше голема, но од сите 25 држави, јас и мојот тим успеавме да го достигнеме врвот. При овие натпревари ми се даде и можноста да посетам нови места, да стекнам нови пријателства и воедно да ги претставувам Универзитетот и својата земја“*, истакна студентката Дијана Петковиќ.



# СТОЈАНОВСКИ: КАКО ПРОФЕСИОНАЛНИ КОШАРКАРИ, ИМАВМЕ ГОЛЕМО РАЗБИРАЊЕ ОД ПРОФЕСОРИТЕ - ТИЕ НИ ПОМОГНАА ДА СТИГНЕМЕ ДО ЦЕЛТА

**Близнаците Војдан и Дамјан Стојановски се дел од кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје. Тие  се едни од најдобрите македонски кошаркари во последните 15 години и долгогодишни репрезентативци. Имаат 36 години, но за нив важи изреката за виното – колку се постари, толку се подобри.**

**Двајцата факултетското образование го почнале додека играле за АМАК-СП во Охрид, на тамошниот Факултет за туризам. Кога дошле во Скопје поради кариерата, логично било да го продолжат школувањето во својот роден град и го одбрале Универзитетот Скопје.**




Војдан и Дамјан Стојановски, македонски кошаркарски репрезентативци.

**Повторно сте заедно и на теренот, како дел од кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје. Дали значи заедничката поддршка и подобро одиграни партии?**

Војдан: Секако дека поддршката ни значи многу. Таа носи подобри игри, а со тоа и подобри настапи на натпреварите.

Дамјан: Предизвик и задоволство ни е што повторно играме заедно. Поддршката ни значи, но според мене, повеќе ни годат меѓусебните критики, кои доведуваат до тоа да ја подобриме нашата игра.

**Каква е атмосферата во клубот? Кои се вашите лични, но и заеднички амбиции за оваа сезона?**

Војдан: Екипата ни е спој на искусни и на млади кошаркари, а тоа секогаш носи добра атмосфера. Желбите се вообичаени кога се игра во тим како МЗТ Скопје, а тоа е победа на секој натпревар и пехар од секое натпреварување.

Дамјан: Атмосферата е одлична, а како и секоја година досега, нашите цели се да продолжиме со освојување трофеи. Победата во Купот на Македонија е доказ дека сме повторно на вистинската патека.

**Ги збунувате ли често луѓето со вашиот изглед? Дали тешко ве препознаваат?**



Војдан во акција.

Дамјан: Веќе подолго време не ги збунуваме луѓето, а кога бевме мали, тоа беше честа појава. Мојот нов имиџ со подолга коса сега е „виновен“ што веднаш знаат кој е кој.

Војдан: Во минатото потешко нè препознаваа, но сега не може да нè погрешат поради новиот имиџ на Дамјан со неговата подолга коса.

**Си упатувате ли критики еден на друг?**

Војдан: Да, бидејќи двајцата сме самокритични, но прифаќаме и сугестии. По секој натпревар го фалам не само брат ми туку и другите, но и им упатувам и критика.

Дамјан: По секој натпревар си ја анализираме играта и ако треба, си упатуваме критики. Тоа е со цел да бидеме уште подобри во следните натпревари.

**Ја користевте ли финтата едниот да одговара на час наместо другиот?**

Војдан: Да, да, ја имаме користено таа финта кога имаше потреба, но тоа не беше често.

Дамјан: Мора да признам дека некогаш ја злоупотребувавме нашата сличност и дека се менувавме на училиште кога требаше да се одговара за оценка.

**Потекнувате од семејство во кое сите се високообразовани. Вашиот постар брат Огнен е дипломиран економист, а вие се стекнавте со диплома од Универзитетот Скопје. Зошто тој беше ваш избор?**

Дамјан: Двајцата факултетското образование го почнавме додека игравме за АМАК-СП во Охрид, на тамошниот Факултет за туризам. Кога ја продолживме кариерата во Скопје, логично беше да продолжиме во нашиот град и го одбравме Универзитетот Скопје. Не погрешивме.

Дамјан во акција.







ВОЈДАН: ***Имавме огромно разбирање како професионални спортисти, професорите многу пати ни излегоа пресрет.***

ДАМЈАН: ***Благодарни сме им премногу на професорите кои имаа разбирање за нашите обвски. Без нивната помош, немаше да дојдеме до целта.***

**Имавте ли разбирање од професорите?**

Војдан: Професорите имаа огромно разбирање за нас како професионални спортисти. Многупати ни излегоа во пресрет.

Дамјан: Благодарни сме им премногу на професорите кои имаа разбирање за нашите обврски. Без нивната помош, немаше да дојдеме до целта.

**Со оглед на фактот што секојдневието на спортистот е постојано динамично и со строг распоред на активностите, кога учевте? Заедно ли одевте на предавања и заедно ли полагавте?**

Војдан: Со оглед што трениравме двапати на ден, не одевме на предавања туку само на испити. Најчесто тоа го правевме заедно.

Кои ви беа најомилени предмети?

Војдан: Помина доста време и навистина не можам да одвојам некој предмет посебно.

Дамјан: Знам дека на секој предмет му посветував идентично внимание и се вложував целосно за да дојдам до посакуваната оценка.



Дамјан: „Спортот не треба да биде пречка ниту оправдание да не се заврши факултет.“

**Кои се предностите на Универзитетот Скопје? Која е причината плус поради која би им го препорачате на вашите помлади колеги, спортисти?**

Војдан: Секој спортист кој има желба може да заврши факултет, дури е и препорачливо да го стори тоа, бидејќи кариерата не трае долго. Многу сум среќен што речиси сите млади кошаркари во МЗТ Скопје работат на своето високо образование, како Петков, Андоновски и Миловановиќ.

Војдан: „Многу сум среќен што сите млади кошаркари во МЗТ Скопје работат на своето високо образование.“



Дамјан: Спортот не треба да биде пречка, ниту оправдание да не се заврши факултет. Така ги советуваме со Војдан нашите помлади соиграчи.

**Планирате ли по завршувањето на кариерата да се ориентирате кон професијата за која стекнавте диплома?**

Војдан: Секако дека би сакале да останеме во спортот во некоја друга улога освен како играчи. Но, кој знае, можеби некогаш ќе ни се укаже можност да работиме нешто поврзано со нашето образование.

**Како се снаоѓате во улога на семејни луѓе? Ве промени ли бракот?**

Војдан: Со сопругата сме многу години заедно и многу добро се разбираме, како претходно, така и во бракот.

Дамјан: Слично како и Војдан. Разбирањето е нешто што го имам во својот дом и семејство и среќен сум поради тоа.

**Дамјан, вие сте веќе татко на син. Би сакале ли и тој да тргне по вашиот спортски пат?**

Нека е само жив и здрав. Самиот ќе си го одбере патот, спортски или во некоја друга насока.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД
## АНТОНИО МИЛОШОСКИ,
**поранешен министер за надворешни работи**



# МИЛОШОСКИ: МНОГУ РАБОТИ СЕ МИНЛИВИ И МЕНЛИВИ, НО СЕМЕЈСТВОТО Е ТРАЈНАТА ЖИВОТНА ВРЕДНОСТ

Одговорност на Македонија е тоа што пречесто европското знаменце се злоупотребува за покривање корутивни и бизнис-интереси, што реформите се движат на хартија, а стагнираат во реалноста. Но, исто така, ЕУ е одговорна за недостигот од стратешка визија за регионот, вели поранешниот министер за надворешни работи Антонио Милошоски во интервју за Магазин за туризам и менаџмент.  Тој зборува за актуелните политички прашања, за евроинтергрaцијата и за тоа кој е виновен за тоа што Македонија е долго време во чекалницата. Милошоски, кој е татко на пет деца, вели дека семејството е вистинската вредност во животот, а дека својата земја најубаво се раскажува низ детските приказни со кои растат неговите деца.



Милошоски: „Имам лична резерва околу капацитетот на Владата да создаде атмосфера за фер и демократски избори.“
*Извор: Prizma.mk*



**Македонија се подготвува за двојни избори. Дали очекувате достоинствена кампања и мирни избори?**

Знаејќи колку често сегашниот технички премиер Талат Џафери го прекршуваше Деловникот како довчерашен прв човек на Собранието, навистина имам лична резерва околу капацитетот на Владата да создаде атмосфера за фер и демократски избори. Но, ВМРО-ДПМНЕ е партија со сериозно искуство во изборните процеси и ќе дадеме сè од себе да се минимизираат ризиците преку кои власта би можела да влијае врз изборната волја на гласачите.

**Досега неколку пати го искажавте вашиот став дека не го прифаќате изборот на Талат Џафери за технички министер. Но, сепак, решивте да учествувате во техничката влада. Како ќе дејствувате во неа? Дали сметате дека ќе успеете да носите одлуки кои ќе бидат во интерес на граѓаните?**

Талат Џафери не е владин премиер затоа што ДУИ има доволен број пратеници, туку затоа што СДСМ, ЛДП и НСДП станаа верни слуги на Артан Груби и го избраа за технички премиер дезертерот чија партија 22 години се поврзува со сериозни индиции за афери со висока корупција. Затоа министрите од ВМРО-ДПМНЕ во техничката влада не се влезени на тие позиции за да го продолжат владеењето на ДУИ, туку напротив, во рамките на демократската политичка борба да создадат услови за тоа што побрзо и ДУИ и СДСМ да заминат во опозиција, за да може Македонија да се ресетира. Во однос на внатрешното владино функционирање, од нивна страна ќе биде запазен нужниот минимум на техничка соработка, а сè со цел да се задржи функционалноста на системот. Новиот министер за внатрешни работи, Панче Тошковски, го даде лично примерот како може да се носат одлуки во интерес на граѓаните со тоа што стави ред во хаосот за патните исправи кој го наследи од Оливер Спасовски како негов претходник.

**Со назначувањето на Кренар Лога за министер за правда во Влада, седмото место во ДИК остана празно. Дали сметате дека непополнетото столче во**



Милошоски: „За да се смени нешто, потребна е смена на власта.“
*Извор: zurnal.mk*

**Државната изборна комисија може да доведе до непризнавање на изборниот резултат?**

Местото во ДИК, иако со задоцнување од една година, сепак ќе се пополни со претставник на опозицијата. Штета што за ваква јасна законска процедура мораше да се прави вонреден политички и дипломатски притисок за да се убедат Талат Џафери и Димитар Ковачевски дека изборите ќе бидат крајно спорни ако не е ДИК во целосен состав. Но, ете, тоа е само еден од примерите кој покажува колку е низок демократскиот капацитет на ДУИ и на СДСМ во моментов.

**Албанскиот блок ги измеша картите во политиката. Во изминатиот период, превирањата во четирите политички партии разбудија интерес кај јавноста. Дали очекувате висок рејтинг на албанската опозиција и дали сметате дека можат да ја однесат ДУИ во опозиција?**

Анкетите за довербата на партиите на македонските Албанци се прилично динамични, а најбитна анкета ќе биде онаа на самиот изборен ден. Сепак, она што го согледуваме на терен, без разлика дали е некој Македонец, Албанец, Турчин, Србин или нешто друго, е дека големото мнозинство на граѓани смета дека Македонија се движи во погрешна насока и дека за да се смени нешто, потребна е смена на власта. Во тој контекст, ценам дека има добри околности за сите политички партии кои дејствуваат како сериозна опозиција ако им дадат кредибилна понуда на избирачите.

**Промената на личните документи направи хаос во целата држава. Револтирани граѓани со денови седеа**

**МИЛОШОСКИ:** *Состојбата со патните исправи на македонските државјани е толку хаотична и понижувачка, што без претерување може да се каже дека и Отоманско било, но олку лошо не било. Штетните последици од Договорот од Преспа сега ги посведочија сите, дури и оние поединци кои сметаа дека сервилноста на власта кон Грција ќе отвори некои перспективи за напредок на Македонија. Од мантрата за заробена држава, СДСМ и ДУИ сега не доведоа во ситуација да имаме заробен народ кој не може ниту да излезе од својата држава, дури и со валидна патна исправа која била издадена во 2020 и важи до 2030 година. Ова е грубо прекршување на една од уставните слободи на граѓаните, правото на слободно движење. Оваа кардинална грешка може донекаде да се ублажи ако се согласат ДУИ и СДСМ да ја поддржат законската иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ да се продолжи важноста на патните исправи издадени со името Република Македонија.*



**пред пунктовите за да аплицираат за лична карта, пасош или за возачка дозвола. Потоа власта одлучи дека личните документи ќе важат за домашна употреба, за да се предомисли преку ноќ дека, сепак, државата ќе постапува согласно законот и договорот од Преспа. Колку ги чинеа овие одлуки граѓаните?**

Состојбата со патните исправи на македонските државјани е толку хаотична и понижувачка, што без претерување може да се каже дека и Отоманско било, но олку лошо не било. Штетните последици од Договорот од Преспа сега ги посведочија сите, дури и оние поединци кои сметаа дека сервилноста на власта кон Грција ќе отвори некои перспективи за напредок на Македонија. Од мантрата за заробена држава, СДСМ и ДУИ сега не доведоа во ситуација да имаме заробен народ кој не може ниту да излезе од својата држава, дури и со валидна патна исправа која била издадена во 2020 и важи до 2030 година. Ова е грубо прекршување на една од уставните слободи на граѓаните, правото на слободно движење, и оваа кардинална грешка може донекаде да се ублажи ако се согласат ДУИ и СДСМ да ја поддржат законската иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ да се продолжи важноста на патните исправи издадени со името Република Македонија. Засега Талат Џафери и Ковачевски тврдоглаво го одбиваат ова предлог-решение, и ако останат на тој став, штетата која ќе падне на грбот на граѓаните, но и на грбот на стопанството, ќе биде уште поголема.

**Договорот со Преспа ја покажа првата „сопка“ за македонските граѓани. На ред се уставните измени, кои се услов од Бугарија. Што очекувате дека ќе биде**

**следното барање на оваа земја-членка на Унијата? Неколкупати најавија дека уставните измени не се единствениот услов за нашата земја.**

Со Бугарија се покажа дека сервилноста која на тацна ѝ ја понудија Бујар Османи и Бојан Маричиќ не води до подобри билатерални односи, туку нè донесе до поголеми тензии и драстична недоверба. Ставот на ВМРО-ДПМНЕ е јасен, нема да прифатиме измени на Уставот диктирани од страна на официјална Софија, кои наместо да донесат извесна европска перспектива, нè туркаат во несигурна зона каде што никој не знае уште колку блокади ќе следуваат од Бугарија во следните 3, 5 или 10 години. Затоа цениме дека и Македонија и Бугарија имаат интерес да отворат сериозна дебата, но на рамноправна основа, околу тоа што е наш заеднички билатерален интерес, и се разбира, што е она што ЕУ може да го преземе како обврска за да не биде процесот на евроинтеграции само празно ветување, туку да биде заеднички геополитички проект во кој и Македонија и целиот Балкан ќе го добијат своето заслужено место во Европа.

**Очигледно е дека Македонија постојано има услови кои треба да ги исполни и никако да стигне на ред да биде рамноправна земја-членка на Унијата. Чија е одговорноста што земјата долги години остана во чекалница, наша или на Унијата?**

Одговорноста е на двете страни. Во Македонија постои одговорност што пречесто европското знаменце се злоупотребува за покривање на коруптивни и бизнис-интереси, што реформите се движат на хартија, но стагнираат во нивната примена. Но, исто така во ЕУ постои одговорност за недостигот од стратешка визија за регионот, која уште од Солунскиот самит во 2003 година беше најавена како големо ветување, а еве, 21 година потоа, тој мегапроект сè уште е заглавен во изговорите кои се покриваат со билатералните спорови. Затоа Брисел треба да се одважи и искрено да поразговара со владите во регионот дали е полноправното членство во ЕУ реална опција во следните 6-7 години, или имаат други подваријанти


Милошоски: „Ставот на ВМРО-ДПМНЕ е јасен, нема да прифатиме измени на Уставот.“

кои ги разгледуваат.

**Како поранешен министер за надворешни работи и долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ, во контакт сте со голем број членови на политички партии од многу други странски земји, меѓу нив и членки на Европската Унија. Колку од нив биле ваши гости во Македонија и како гледаат на нашата земја откако ќе ја посетат?**

Секој гостин што сме го имале во Македонија си заминал со подобар впечаток во споредба со она што претходно го имал како перцепција за нашата држава. Затоа секој премиер, претседател, градоначалник, па и секој стопанственик, треба да се потруди во Македонија што е можно почесто да ни доаѓаат гости-добронамерници, бидејќи со тоа ќе си ја промовираме државата, а исто така ќе го зајакнеме социјалниот капитал на пријателите на Македонија во светот.

**Вие сте богат татко. Пет деца го исполнуваат вашиот свет. Колку Ви дозволува политиката да одвоите време за нив?**

Во семејство во кое што има топлина и разбирање, пет деца се како пет прсти на раката, секој е потребен, секој е ценет, секој е составен дел од целината, и секое дете си се бори за својата улога и место во семејната задница. Работата одзема многу време, но потребите на децата Ве принудуваат да направите еден баланс, бидејќи многу работи околу нас се минливи и менливи, но семејниот круг е трајната животна вредност. Благодарен сум што Божјата промисла ми дала ваква бесценета можност да бидам родител на три прекрасни ќерки и на два сина.

**Како им ја раскажувате Македонија на вашите деца? Кои се омилените места кои ги посетувате?**

Македонија е дел од нашите детски сказни пред спиење, а македонските симболи се дел од нашите први лекции по цртање. Исто така, Македонија е дел од нашите спортски навивања на натпреварите на најголемиот батко и, се разбира, дел од нашите семејни прошетки. Омилени места за семејни прошетки ни се Крушево, Пониква, Кичево, Малешевијата и Охридското Езеро.

Милошоски: „Пет деца се како пет прсти на раката. Секој е потребен, секој е ценет."





# КОМПАРАЦИЈА

## ИЗБОРНА ГОДИНА ВО СВЕТОТ

## ЌЕ СЕ ПРОМЕНИ ЛИ НЕШТО КАЈ НАС И ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ ДРЖАВИ? АНКЕТИТЕ ПОКАЖУВААТ ДЕКА ВМРО-ДПМНЕ ИМА ДВОЈНА ПРЕДНОСТ ПРЕД СДСМ

Годинава ќе биде една од најзначајните на политички план не само во Македонија, туку на глобално ниво. Политичарите ќе си ги одмеруваат силите во повеќе од 60 држави во кои живее повеќе од половина население, па затоа и ќе биде особено важно кому ќе му даде народот доверба. Демократските сили уште еднаш ќе си ги премерат силите со националните чувства, кои сè повеќе земаат замав во одредени делови од светот. Изборни циклуси ќе има во Европа, САД, Русија, Британија, Индија, Мексико, Бангладеш, Азербејџан итн.



Во Македонија парламентарни и претседателски избори.
*Извор: osce.org*

# МАКЕДОНИЈА – ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ

Кај нас, на сцената ќе се судрат веќе добро познатите играчи на македонска и албанска страна, проследени со неколку помали политички партии кои сè повеќе земаат замав кај гласачите и кои ако освојат доволно доверба, односно гласови кај граѓаните, можат да имаат клучна улога во формирањето идна влада.

Главните претенденти кои ќе се борат да ја надмудрат конкуренцијата и да добијат што е можно повеќе гласови веќе се позиционираат и со готови програми полни со ветувања за подобар живот ќе се претставаат пред граѓаните. Сепак, се чини, меѓу населението има таква апатија во последните неколку години, особено по пандемијата и економската криза, што повторно изборот ќе го сведе „да се гласа против, отколку да се гласа за некој".

Тоа го покажуваат и истражувањата, во кои корупцијата со 18%, ниските приходи со 15,5% и криминалот со 14,% се детектирани како клучни проблеми на испитаниците, а повеќе од две третини од граѓаните или 68,3%, сметаат дека државата се движи во погрешна насока.

Граѓаните немаат никаква доверба во судскиот систем. Целосна доверба во судството имаат само три отсто од граѓаните. Дури 60% од испитаниците воопшто не веруваат дека „во Македонија законот важи за сите подеднакво". Катастрофална доверба има и во институциите.

***„Имаме една перфектна совршена бура на разочарување, коешто најчесто оди во многу непосакувани правци кога немате кредибилна политичка понуда да го артикулира тоа незадоволство. Најчесто оди во радикални политички опции, кои понатаму ги влошуваат работите, и токму тоа очекувам во претстојниот период или години да биде перспектива на македонската политичка сцена"***, вели Марко Трошановски, претседател на Институтот за демократија „Социетас цивилис".

На прашањето дали се согласувате дека актуелната Влада заслужува повторно да биде избрана, 73,1% не се согласуваат со тоа, наспроти 22,3% кои се изјасниле со „да". Истовремено, 60% од испитаниците се изјасниле дека не веруваат ниту дека ако дојде на власт опозицијата, ќе ги реши нивните најголеми проблеми.

Како најголеми предизвици со кои „во костец" треба да се зафати идната влада, граѓаните ги посочиле здравствениот систем, владеењето на правото, односно проблемот со корупција и неказнивност и економскиот раст и стабилност.

Анкета: За која партија ќе гласате на претстојните парламентарни избори?
*Извор: 360stepeni.mk*




## АНКЕТИТЕ – ТРН ВО ОКО НА ВЛАСТА

На неполни три месеци до изборите, политичките партии го мерат расположението кај народот, но тоа го прават и рејтинг-агенциите. Последната анкета која за потребите на МРТВ ја изработи Институтот за политичко истражување во Скопје ги разгоре страстите кај власта, особено затоа што покажа дека партијата на власт и тоа како ја губи довербата кај гласачкото тело. Анкетата покажа дека ВМРО-ДПМНЕ има двојна предност пред СДСМ, што беше причина доскорешниот премиер и лидер на СДСМ да го окарактеризира јавниот сервис како потсетување на тоа како изгледале медиумите до 2016 година. Од ВМРО-ДПМНЕ, пак, веднаш му возвратија на Ковачевски дека губи, па е нервозен, а за слабиот рејтинг велат дека му се виновни амбасадорите, анкетарите и телевизиите, само не и тој самиот.

Во анкетата на ИПИС, на прашањето за која партија ќе гласате на претстојните парламентарни избори, 19,4% од испитаниците рекле дека ќе гласаат за ВМРО-ДПМНЕ, а речиси двојно помалку, односно 10% својот глас би го дале за СДСМ. Во втората изборна единица за Левица би гласале 3,8% од испитаниците, а за новоформираната партија ЗНАМ на Максим Димитриевски, својот глас би го дале 4,5%.

Од партиите од албанскиот блок, во втората изборна единица води ДУИ, за која гласот би го дале 6,5% од испитаниците. Веднаш зад неа е коалицијата на опозициските партии на Албанците „Европски сојуз за промени“,

Анкета: За која партија ќе гласате на претстојните парламентарни избори?
*Извор: 360stepeni.mk*



за која рекле дека ќе гласаат 5,4%. Нешто помалку од два проценти, односно 1,9% од испитаниците во втората изборна единица рекле дека својот глас ќе до дадат за Алијанса за Албанците.

Предизборната анкета на ИПИС покажува дека во шестата изборна единица, која ги опфаќа општините во северозападна Македонија, тесна е предноста на ДУИ пред коалицијата „Европски сојуз за промени“ на трите опозициски партии на Албанците. На прашањето за која партија ќе гласате на претстојните парламентарни избори, 17,9% од испитаниците во ИЕ 6 рекле дека ќе гласаат за ДУИ, а нешто помалку или 16% рекле дека својот глас ќе го дадат за коалицијата на опозицискиот албански блок.

За Алијанса за Албанците би гласале седум проценти од испитаниците во шестата изборна единица.

## РАЗДОР ВО АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ

Токму во Алијанса за Албанците се случува предизборно најголемиот клинч меѓу актуелниот претседател кој е проопозициски ориентиран и поранешниот кој ја држи страната на актуелната власт и сака повторно да коалицира со неа. Судирот меѓу Таравари и Села почна со вербални расправи, па преку закани, заплашување со куршум и тепачки по кафеани заврши неминовно со поделба на партијата.

Алијанса која „му дише во врат“ на ДУИ на претстојните избори, се чини е на „стаклени нозе“. Сè уште не се знае како ќе настапи партијата на изборите, дали во коалиција со албанската власт или како опозиција. Има и опција да истапат сами со гласачки листи, но доскорешниот министер за администрација Азир Алиу вели дека на тој начин партијата само ќе ѝ направи услуга на ДУИ.

Тој вели дека нивната црвена линија за евентуална владина коалиција е задржувањето на европскиот пат, при што подразбираат и обврска за усвојување на уставните измени.

Алиу и поранешниот министер за здравство Фатмир Меџити, беа разрешени откако отворено го поддржаа претседателот на Алијансата, Таравари, кој најави дека на претстојните избори ќе оди со албанската опозиција. Техничкиот премиер Талат Џафери образложи, пак, дека тие се разрешени бидејќи законски не можело да има два опозициски субјекти во Владата. Тие беа заменети со Илир Демири и Наим Бајрами.

**Арбен Таравари, лидер на Алијанса за Албанците.**
*Извор: Независен весник*






Дали професорката Силјановска Давкова пак ќе биде кандидат на ВМРО-ДПМНЕ?
*Извор: Инфомакс*

# СЕ СТЕСНУВА ИЗБОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ КАНДИДАТИ

Политичките партии ги прават последните мерења на јавното мислење за да излезат со кандидати за претседател на државата кој би можел да стапи на функцијата. Првиот круг од претседателските избори е закажан за 24 април.

Од партиите досега се изјасни само Левица, која ќе ја номинира универзитетската професорка Билјана Ванковска и која најави дека ќе почнат со собирање 10 илјади потписи за нејзината кандидатура.

Најголемите партии во македонскиот блок, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, сè уште тактизираат. ВМРО-ДПМНЕ има распишано оглас кој истекува на 21 февруари. Лидерот Мицкоски најави дека изборот се стеснил на тројца



СДСМ прави последни калкулации.
*Извор: Лидер.мк*



**Вицепремиерот Битиќи рече дека е во игра да биде консензуален кандидат за претседател.**
*Извор: Макфакс*



кандидати, но и дека огласот е сè уште отворен и независен процес од анализата која ја прави партијата. Во јавноста најмногу циркулираат имињата на универзитетските професори Гордана Силјановска Давкова и Александар Спасеновски. ВМРО-ДПМНЕ својот кандидат ќе го избере на партиска конвенција на 2 март.

Кај СДСМ, актуелниот претседател Стево Пендаровски најверојатно би можел да се бори за втор мандат. Во игра е и името на поранешниот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски, но некако тој како да ги губи шансите по фијаското во справувањето со хаосот при издавањето лични документи со новото име на државата. Партијата прави последни калкулации и за евентуален консензуален кандидат со ДУИ, па вицепремиерот Фатмир Битиќи се изјасни дека би прифатил понуда да биде претседателски кандидат. Лидерот на партијата Димитар Ковачевски не потврди колку кандидати се во најтесниот круг. Само кажа дека има номинации на поранешни претседатели, секретари на партијата, судии итн.

ДУИ сè уште не се изјаснува дали ќе го



**Ќе биде ли министерот Османи кандидат на ДУИ?**
*Извор: Влада*




Ќе поддржи ли ДУИ кандидат за претседател од СДСМ?

поддржат кандидатот за претседател на СДСМ, но најверојатно би излегле со свој кандидат ако БЕСА, Алтернатива и Демократското движење номинираат свој шеф на државата. Како најсериозен кандидат се споменува министерот за надворешни работи, Бујар Османи.

Европскиот сојуз за промени најави дека ќе настапи со свој кандидат за изборите. Најверојатни имиња се Арбен Таравари (ако се предомисли, бидејќи претходно рече дека не е заинтересиран) или пак Билал Касами, лидерот на БЕСА.

## ТРКАТА СЕ ВЖЕШТУВА ВО САД

Трката за нов шеф на државата се вжештува во САД. Според сите досегашни информации, можно е стариот судир Трамп – Бајден да доживее реприза. На стартот на февруари, врховните судии одлучуваа дали ќе му се дозволи на поранешниот претседател Доналд Трамп да учествува во изборната трка поради неговото наводно учество при немилиот настан од последните избори кога поддржувачите на Трамп упаднаа во американскиот Капитол, обидувајќи се да ја спречат потврдата за победата на Бајден. Се чини Врховниот суд сепак ќе му дозволи на Трамп да се кандидира, но тој и во текот на евентуалната кампања би морал паралелно да биде присутен на неколку судски спорови кои се водат против него.

Трамп е оптимист дека ќе победи и тврди дека води на сите анкети. Тој веќе победи на прелиминарните избори на Републиканската партија во Њу Хемпшир и Ајова. Следниот судир ќе биде во Јужна Каролина и тоа веројатно ќе биде насока за неговите вистински шанси. Таму ќе се судри директно



**Трамп води на анкетите за претседател на САД.**
*Извор: The Guardian*

Ники Хејли нема големи шанси против Трамп кај Републиканците.
*Извор: Sean Rayford*







со поранешната гувернерка на Јужна Каролина и поранешна амбасадорка на САД во Обединетите Нации, Ники Хејли. Се смета дека ако таа изгуби на „своја територија“, тоа ќе биде крај  за нејзината кандидатура. Тоа е и мошне веројатно, бидејќи Трамп води на анкетите на Републиканската партија, а доби и поддршка од гувернерот на Флорида, Рон де Сантис, кој се повлече од изборната трка. Шансите на Трамп да добие втор мандат се големи, иако многумина се против хаосот во кој ја остави државата по својот прв мандат и изјавите кои ги дава во врска со НАТО-алијансата, односно дека би дозволил Русија или некоја друга земја да бомбардира земја членка ако таа не си ги подмирува обврските. Неговите поддржувачи се за него во овој дел, особено поради високите трошоци кои САД ги имаат во оваа Алијанса, која се потпира главно и исклучиво на нив.

За претседателот Џо Бајден уште отсега може да се прогнозира дека би бил најверојатен



**Мнозинството Американци смета дека Бајден е престар претседател, кој почнува да ја губи меморијата.**
*Извор: The Guardian*

кандидат на Демократската партија. Нема некој истакнат противкандидат кој би можел посериозно да го загрози. Аналитичарите „се чудат" зошто во Демократската партија нема други кадри кои би се натпреварувале за шеф на државата и како Бајден остана единствена опција. Според последната анкета на стартот на февруари, мнозинството од испитаниците го оцениле како премногу стар за оваа функција. На крајот на евентуалниот мандат, Бајден би имал 86 години. Сепак, Трамп, на пример е само 5 години помлад. Мнозинството Американци го опишале Бајден како „добронамерен, постар човек со лоша меморија". Ваквите квалификации доаѓаат откако тој имаше неколку гафови, при што делуваше изгубено и не можеше да се сети на важни настани и датуми од американската политика и неговиот личен живот. Најголем дел од кампањата на Бајден очигледно ќе биде да се убеди јавноста дека тој е ментално способен за уште еден мандат.

## ВО РУСИЈА – ПУТИН НЕПРИКОСНОВЕН

Во Русија ништо ново. Според сите анкети, очекувано, сегашниот претседател Владимир Путин би требало само да се прошета низ изборите. Претседателот на Русија има мандат од 6 години, Путин е веќе 23 години на власт, а го измени и Уставот за да може да владее до 2036 година.

Во последниве неколку години, тој ги отстрани од политичката сцена противниците и неистомислениците, па тешко дека би имал некоја посериозна пречка до уште еден мандат.

Негова најголема пречка беше Борис Надеждин, познат по својата остра реторика против војната што Путин ја води во Украина. Откако Државната изборна комисија му забрани да се кандидира поради наводни пропусти во собирањето потписи. Тој најави жалба.

Другите кандидати се кандидирани „про форма". Тие се Владислав Даванков, заменик-претседател на руската Дума, Леонид Слуцки, лидер на ултранационалистичката Либерално-демократска партија, и Николај Харитонов од Комунистичката партија.



Путин треба само да се прошета на изборите .



**Европското десно крило води на анкетите за изборите во ЕУ.**
*Извор: politico.eu*



# ЕУ

Повеќе од 400 милиони гласачи од 27 земји на ЕУ на изборите од 6 до 9 јуни ќе изберат 720 членови на Европскиот парламент. Ова ќе биде тест за десничарските кандидати, кои имаат сè поголем политички успех во Унијата. Сите анкети го покажуваат токму тоа, значителен успех на десничарските партии, наспроти централно-левичарските и зелените, кои ќе изгубат значителен дел од гласовите и ќе добијат помалку пратенички места во Парламентот.

Антиевропските популисти имаат најголеми шанси за победа во 9 земји членки: Австрија, Белгија, Чешка, Франција, Унгарија, Италија, Холандија, Полска и Словачка.

„Вртењето надесно“ во европската политика ќе има огромно влијание врз политиките кои ќе ги води Унијата, особено во делот на надворешната политика и еколошките прашања, каде што се очекува новото мнозинство да се спротивстави на амбициозниот план за справување со климатските промени.



**Се очекува проширување на парламентарните групи на десничарите Матео Салвини и Марин Ле Пен.**
*Извор: politico.eu*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE

EST. 2006

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC